СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април 1994 година

Скопје, април 1994 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 74-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14 АПРИЛ 1994 год.**

Дискутанти

Днев.ред:Предлог на закон за избирање и отповикување на пратеници и одборници( Општ претрес)

1. АНДОВ СТОЈАН -1..,60, 67, 73, 74
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 4, 8
3. АЛИУ ХАМИД - 11
4. АБДИ ФАИК - 24
5. АРСОВ ДРАГИ - 71, 72,
6. БОШКОВ ЈОРДАН - 75
7. ГОШЕВ ПЕТАР - 50
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР -20
9. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 27
10. ЃОРЧЕВСКИ ДУШКО - 29, 30
11. ЈОВАНОВ РИСТО - 73, 74
12. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 64, 68
13. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 6, 19
14. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 8, 10
15. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН -  25
16. МАНЕВ ЕФТИМ - 76
17. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 48, 49, 65, 66
18. ПОПОВСКИ КИРО 8, 49, 51, ( води седница)
19. СИЛЈАНОВСКА ГОРДАНА - 38, 41, 59, 60, 61
20. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 36, 69, 70, 71
21. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 13, 56, 57
22. СУЛЕЈМАН ОЛОМАН - 13, 16, 17,
23. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 31, 33, 34, 35
24. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 1
25. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 29, 30, 31
26. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 21
27. ХАРУНИ СЕФЕДИН - 53
28. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН - 62
29. ЏАФЕРИ НЕЏАТ - 18

-седницата продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Третото продолжение на 74-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април 1994 година

Седницата се одржа во сала 1, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Иван Иванов, Ламбе Арнаудов, Мухамед Халили, Наум Симјановски и Зоран Крстевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со општиот претрес.

Збор има господинот Душан Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, во вчерашниот претрес на Предлогот на законот за избирање и отповикување на пратеници и одборници еден добар дел од дискутантите стави акцент на тоа дека треба да се избере само начинот на избирање на пратеници и одборници во мнозинскиот систем. Мислам дека оваа констатација од најголемиот дел на пратеници е во ред затоа што избирањето или комбинирањето на овој избор на пратеници со пропорционалниот систем ќе донесе до следните амандмани:

Прво, велиме дека изборот на пратеници е непосреден и таен од избирачите и фактички избирачите го даваат гласот за оној претставник кој што во дотичната изборна единица му се нуди им се претставува со своја програма и да речеме кај независните пратеници или со програма

на партијата од дотичниот кандидат на која што припаѓа. Избирањето на 20-те пратеници, а има и некои амандмани каде што не 20, туку се предлага дури и половина од пратениците да бидат избрани со пропорционалниот систем во овој случај е неприфатлив затоа што избраните 20 пратеници што се предлага во законот па дури и во некои амандмански до 7 0 или половината претставува фактички избирање на пратеници дополнителен по овој систем и во тој случај избраните пратеници ќе бидат како една врста на џоќери.

Според тоа сум да во Предлогот на законот стои, односно да се гласа по амандманите кои што ја третираат оваа материја само да постои избирање на пратеници на пропорционален систем и«тоа 120 пратеници бидејќи на оваа држава која што и по простор и по народ е мала и не и треба зголемување на бројот на пратеници на 140. Фактички со тоа и буџетот на државата се оптоварува.

Што се однесува до една забелешка и во вчерашната дискусија, а тоа се однесуваше и на пропорционалниот систем, фактички гласањето на пропорционалниот систем ќе не упати и кај поедини држави каде што фактички се гласа само за пратеници на партијата. Во поедини земји, на пр. во нордиските земји односно од некои од нордиските земји таму постои гласање на пратеници односно постои гласање само за партиите и внатре тие си ги избираат пратениците. Ако во тој случај така дозволиме во овие наши парламентарни слободни избори втори што ќе се одржат сега за неколку месеци ќе овозможиме и на еден начин. Фактички ние тие лица просто како да не ги знаеме или не се од таа средина каде што ги избираме.

Трето, во овој случај- мислам дека многу ќе биде недобро за оние пратеници кои што ќе бидат самостојни. Како ќе биде доделувањето на тие гласови ако не се избрани, а фактички за нив еден огромен број луѓе, граѓани, и така натаму гласале во една изборна единица. Така да мислам ова, точно тие пратеници кои што ќе се определат да бидат самостојни гласовите за нив кои што ќе бидат дадени тогаш тие кому ќе припаднат односно дека од нив нема никој да биде избран.

Фактички со овој закон за избирање на пратеници и одборници мислам дека треба да стои само закон за избирање на пратеници, а не и за одборници. Во вчерашната дискусија пратеничката Марковски убаво рече дека фактички овој пат треба да гласаме на Предлогот на законот само за пратеници што има и некои такви амандмани.

Што се однесува за одборници мислам дека досегашниот начин на работење на собранијата ни покажа дека еден добар дел во собранијата има свои проблеми во нивното работење. Поради тоа што партиската нетрпеливост на овие одборници, да речеме во собранијата на Струга, во Скопје, во Титов Велес, во Прилеп, во Битола па и на други места или еднонационалните собранија избрани во Тетово, во Гостивар па и во Дебар укажуваат дека партиските натпреварувања се штетни. Па според тоа сум на мнение дека би требало да постојат избирање на градоначалници, избирање на советници на градоначалниците од редот на стручните, истакнатите лица кои што 3 водат навистина сметка за развојот на општините.

Ако имаме предвид како што се навестува дека општините ќе бидат уште помали, создавање на општини н е како што се сега 34 туку со новиот закон за локалната самоуправа каде што се вели дека на пет илјади секоја една населба односно градско подрачје може да си

формира општини во тој случај ќе имаме толкав голем број на општини и општински собранија што ќе претставува навистина еден голем товар за работење, собирање на пратениците и ако имаме во предвид дека нетрпеливоста меѓу партиските превирања во тие градови ќе бидат пречка за нормално одвивање на локалната самоуправа.

Според тоа, законот за избирање на одборници би требало да биде донесен кога ќе биде донесен и законот за локална самоуправа.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, она што јас ќе го кажам во мојата дискусија е дека воопшто не се согласувам со тоа зошто ни се нуди ваков закон т.е. ваква крпеница, во кој што има дури 66 измени, а особено ако имаме во предвид да самиот закон кој што го изменуваме има вкупно 76 члена и би се прашал што значи ова. Зашто не ни се нуди дури би рекол да ни беше понудена една комбинација меѓу стариот и новиот односно зошто да велиме закон за изменување и дополнување на законот кога можеме да речеме, закон за пратеници и одборници. Мислам дека ова воопшто ни едно нормално работење на собранијата на парламентите зависи во која земја мислам дека ваква работа не ни треба, а за излез од оваа состојба мислам дека треба Владата да ни понуди едно решение. Вчера по ова имавме доста дискусија бидејќи се работи за начелна расправа и затоа мислам дека за излез од оваа состојба владата треба врз основа на вчерашните дискусии и евентуалните денешни дискусии да ни предложи излезно решение., па да го имаме на следното продолжение. Јас би се сложил тоа да биде закон за избор на пратеници и одборници а не вака да гласаме. Крпеници не знам кому му служат.

Инаку, законот што е понуден заостанува зад она зад кое што ние како држава како општество се стремиме. Заостанува зад развојот и унапредувањето на демократските односи. По мене тој ќе беше демократски доколку преовладуваше пропорционалниот систем на избор. Ако вака продолжиме како што е предложено мислам дека само продолжуваме да ги чуваме позициите стекнати со изборот, со законот преку кој ние дојдовме тука. Бидејќи тоа го потврдуваат и некои загрижувања од страна на некои пратеници кои што се искажаа од оваа говорница. Ако не е така сигурно, не ќе имаше забелешка за мајоризацијата како што рекоа некои иако неуставно некои пратеници тука, на миноритетите. За одредени работи мислам дека Уставот стои иако јас лично не го гласав, а не го гласаа и моите другари мислам дека сепак тој е изгласан и треба да се почитува. А во случајов овде многу пратеници го злоупотребуваат тоа не го почитуваат Уставот, па место да употребуваат термин "националност" тие употребуваат "малцинство". Мислам дека треба таа работа да ја тргнат од глава и да престанат со таа работа.

Како што рече некој од пратениците беше загрижен за тоа да имаме мајоризација на малцинствата во Дебар, Гостивар, Куманово па и претходниот пратеник нешто слично зборуваше за тоа но кој е за тоа виновен? Дали сме ние кои што живееме на тие делови? Сигурно не. Ако се бара виновникот тогаш треба да се бара во оние кои што го гласаа законот преку кој ние сме избрани тука. Зошто? Еве примери кои што тоа го потврдуваат, дека тоа е направ« тие луѓе тогаш што го изгласаа законот. На пример ќе се послужам со податоци преку кои може да се види таа работа. Имено според податоците од пописот од 1981 година Ресен со 23533 жители има двајца пратеници. Крива Паланка до 25462 илјади жители има два пратеника. Делчево со 25523 жители има два пратеника. Дебар со 26241 жител има еден пратеник. Каде е тука

соодносот. Слични примери има и кај големите општини. Еве на пример Битола со 124 илјади и три жители има 9 пратеника, Тетово со 180605 жител* има 9 пратеници. Слично се случува и со Прилеп. Прилеп има повеќе пратеници од Гостивар кој што има 116 илјади жители, а Прилеп 98 илјади жители. (реакција на некои од пратениците во салата) можете да зборувате во врска со ова ако имате податоци. Од каде произлегуваат овие состојби. Тоа всушност е она што го реков оти ако не беше така немаше да биде вака односно немаше некој да се буни овде зошто е така и зошто доаѓа до мајоризацијата. Мајоризацијата сами сте ја донеле.

Благодарам за вниманието

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Митевски.

(некој од пратениците бара реплика) Нема реплика, не ве спомна.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници се чини поимот мајоризација, отидовте до таму да го м ерите со националност. Најмалку јас мислев на националноста и нацијата. Ако вие мислевте на етнос тоа е друга работа. Зборував за една операција математичка, што е помало што е поголемо. Дали македонскиот народ во Дебар е помал како народ или во Прилеп или се зема на целата територија. Јас зборувам за македонскиот народ како носител во оваа држава, а не зборев за мајоризација на малцинството или на миноритетот ако сакате да ве дополнам, ќе повторам, ќе повторам уште еднаш, се однесуваше тука за мајоризација, т.е. на мнозинскиот народ во една држава, конститутивен народ на една држава од малцинството т.е. од националност во овој случај. Вие малцинството го префрлувате во однос на етнос. Јас тоа го кажав математички, помало,

помалиот, поголемиот. На тоа се однесува, но ако вие така разбравте дека јас го прекршив Уставот што сум рекол малцинство најмалку се чувствувам дека сум го прекршил Уставот. Во Уставот како стои така, пишува националност, го респектирам тоа, но не го респектирам и односот на македонскиот народ кој што во Дебар и Гостивар да нема пратеници ни во вторите ни во третите и понатаму со било кој закон што ќе ни биде понуден. Е тоа е мајоризација на еден носител, на еден конститутивен народ на една држава. Тоа е многу поопасно и вие што тврдите опасноста на македонскиот народ во Дебар и во тие места каде што е во малцинство, ако сакате во помал број, сега можеби малцинството го земате, го третирате во таа форма, многу поопасно е националностите да застанат над конститутивниот народ, н^д македонскиот народ. Тој да не биде привилегиран и да нема шанса и да не биде фаворизиран и да сака и да не сака да излезе на избори ќе нема никогаш шанса бидејќи тој не е стимулиран. Не е стимулиран бидејќи во самиот Дебар вие рековте 26 илјади, оние 4, 5 илјади македонци со ништо нема да бидат стимулирани со ниеден закон кој што ние сакаме да го донесеме.

Најмалку од сето овде што го тврдам овде не се однесува за мајоризација се однесува за мирна регистрација на носителот на оваа држава, на македонскиот народ.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Митевски.

(Еден од пратениците бара реплика).

Не ве спомна ништо. Како барате реплика кога не ве спомна. За толку барем разбравме. Па, побарајте збор ќе ве запишам и ќе добиете. И два збора да имате, пријавете се, не може постапката во рас- правата да ја внесеме.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ние во Дебар велиме,кој ја има мувата под капа, тој се јавува.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, намера ми е на денешната расправа околу донесување на законот за избор и отповикување на републички пратеници и одборници, да го /изнесам своето мислење како републички пратеник, а и мислењето на моето избирачко тело, чиј што мнозински дел се граѓани од српска националност. Го прифаќам начелно Предлогот на законот за избор и отповикување на републички пратеници и одборници и одобрувајќи ги новините што тој ги носи и нуди, а нарочно изборот на пратениците врз основа на пропорционален систем, кој му одговара, како што чувме од повеќе овде дискутанти на вонпарламентарните партии, а исто така и на граѓаните од српската, а веројатно и на граѓаните од другите националности, кои на последните повеќе- партиски избори не обезбедија средства и поради тоа ќе ги изнесам основните забелешки на предложениот закон.

II/2.-

Пропорционалниот систем' го прифаќам, а и моето избирачко тело го прифаќа како можност и тие како граѓани од српска националност да имаат свој претставник во Републичкиот парламент, кој врз основа на мнозинскиот систем, значи постојниот мнозински систем во кој беа последните избори, таа можност ја немаа, зашто тој се раководи врз принципите на постојниот закон за изборни единици, во кои месните заедници каде што живеат граѓаните од српска националност во кумановска општина и во деловите од скопските општини, кои ги зафаќаат обронците на Црна Гора, беа дисперзирани во повеќе изборни единици. Според тоа нема можност врз основа на мнозински систем да се изборат за свој пратеник.

Исто така, морам да кажам дека граѓаните од српска националност, кои на последните повеќепартиски избори не беа партиски оргаќизирани, значи, немаа своја партија, своите гласови ги дадоа на кандидатите од другите партии. Најчесто е тоа Партијата на југословените, на СДС, Социјалистичка партија и други и поради тоа останаа без свои претставници во Парламентот и како резултат на тоа знае ме дека при донесување на Уставот на Република Македонија не се најдоа во преамбулата на истиот' и не партиципираа во Советот за међу-национални односи заедно со другите националности кои живеат во Република Македонија. Заради тоа го прифаќаат овој пропорционален систем, гледајќи шанса во идните избори да имаат свои претставници.

Втора забелешка би била на цензусот од 5% или 20 пратеници, кои законот ги нуди да бидат избрани врз основа на пропорционален систем, мислам дека тој цензус е доста висок и треба да се намали. Зашто, имаме околу милион и триста избирачко тело во Македонија поделено со 20 испаѓа некаде преку 60 илјади гласови треба да добие кандидат кој врз основа на пропорционален систем ќе се кандидира за републички

пратеник. Тоа е навистина голема цифра и мислам дека овој цензус треба да се намали. Тоа веројатно и амандмански ќе биде предложено и можеби ќе се случи.

Исто така, ги поддржувам овие дискутанти кои кажаа дека заедно со овој закон треба да оди и законот за избирачки списоци, зашто во спротивно се создаваат можности за манипулација со избирачите.

Уште една забелешка на крајот, државните средства за јавно информирање задолжително, значи во пресрет на новите избори, ќе треба да им посветат исто време на партиите кои имаат односно кои кандидираат свои кандидати за пратеници во Републичкиот парламент врз основа на однапред изготвена програмска шема, сигурно во договор со политичките партии. Еве некои свои забелешки јас амандмански ви ги предложив до вас како републички пратеници, ќе се изјасниме по нив и очекувам да ми дадете поддршка.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Должен сум една корекција да предочам на претходната дискусија дека во Советот за меѓунационални односи има претставник од српската националност господинот Деспотовиќ. Се добива впечаток де- ка во Советот за меѓунационални односи нема.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Сигурно се сложувам со констатацијата на претседавачот, накнадно беше кооптиран кога претседателот Глигоров предложи измена во Советот за меѓунационални односи само еден србин и еден муслиман по националност. Јас тогаш исто направив демарш, не се сложив со тоа, заради тоа што сметам дека не може, ако одиме по уставни принципи на еднаквост не би требало да има претставник еден, србин еден и еден муслиман. Или двајца да бидат срби, како што има двајца албанци,

II/4.-

двајца власи, двајца роми, тоа битие. Инаку, јас знам дека господинот Деспотовиќ е предложен од претседателот Глигоров и се наоѓа во Советот на меѓунационалностите. Јас зборувам и кажав дека во она време кога се донесуваше Уставот ако имавме овде поддршка од поедини пратеници и пратенички групи, веројатно, во преамбулата на Уставот ќе се најдеа и граѓани од српска националност, а и во Советот ќе партиципираа со два члена. На тоа мислев, инаку знам дека таму има претставник.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство, навистина, немав намера да дискутирам за Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници. Но, не се чувствувам универзален стручњак за секоја област, но ме поттикнаа дискусиите што можев овие два дена да ги слушам разни мислења и предлози и тоа како големи демократи. Со задоволство констатирам дека некои господа прават напори да ја доближат оваа Република до демократските држави во Европа како по устав, по националните права, па дури и по историскиот скиматизам и само потврдување ни се прочита и преамбулата од Уставот и се е демократски по нивни аршин. До колку се инсистира на преамбулата, тогаш напорите на македонскиот народ за национална и социјална слобода, треба да се истакне и борбата на албанскиот народ за исти цели. Само да се потсетат некои господа дека овие ќе бидат втори избори на повеќепартиски систем и поминати 45 години други да ги избира претставниците на албанскиот народ и припадниците на другите народи. Сам веќе ги бира. Не знам кому не му е јасно дека Македонија е мултинационална, мултиконвенционална и мултикултурна. Трагедијата и иронијата е поголема кога се зборува за

избор и изборни закони, да не мислат дека е демократија да украдеш сандуци и други марифетлаци, како што се случи за време на првите повеќепартиски избори во Струга, Кичево, Тетово и Куманово.

Се сложувам потполно со господата кои бараат потполно нови изборни закони. Изборен систем претставува систем на правила, институција и процес во која се исполнуваат и ја наоѓаат својата потврда основните политички односи во една општествена заедница.

Прво, содржината на изборите претставува единство на изборните правила и изборните принципи, како и нивното остварување.

Второ, посебно значење на принципите и на целиот изборен систем што нивната гаранција е примарен услов за остварување на основните политички слободи и права на граѓаните. Овие принципи ја одредуваат и положбата на граѓанинот во уставниот политички систем.

Трето, изборите се средство и изборните правила се начин на кој се образува граѓанската власт. Значењето на изборите е причина изборните правила и принципите да се уредуваат со устав и изборни закони.

На крајот, потполно се сложувам со некои господа да не водат грижа дека не треба да има 140 пратеници, јас се сложувам да има 120 пратеници, бидејќи со 120 пратеници во оваа сала ќе има и албанци и сега сме со 120 пратеници, а со некој господин јас се сложувам да имаме и таков паритет, меѓутоа, дајте и во Прилеп, Битола и во другите градови да имаме пратеници албанци.

**КИРО ПОПВОСКИ:**

Деловничка забелешка има господинот Стоиле Стојков.

II/6.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, очекувам од сите кои претседаваат со седниците на Собранието на Република Македонија да го почитуваат Уставот. Во преамбулата на Уставот стои дека Република Македонија е национална држава на македонскиот народ, во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со албанците, турците, власите, ромите и другите националности итн. Затоа, секогаш кога од оваа говорница ќе се изнесува дека Македонија е мултиетничка, мултиконфесионална заедница секогаш треба тој што претседава да ги опомене тие што го кажуваат тоа дека тоа не е точно, затоа што нашиот Устав, овој што гласавме во ова Собрание, велам ние што гласавме, го сметаме за унитарен и таков е по својата содржина. Очекувам секогаш дека претседавачот со седницата во Собранието ќе ги опомене господата да се придржуваат кон Уставот на Република Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Прво, дел од забелешката не е деловничка.

Второ, мислам дека/нема основа за ова да се расправа, а факт е дека во Република Македонија не живее само една нација и дека не е присутна само една конфесија. А секој врз основа на тоа нека извлекува заклучоци во кој контекст тоа се употребува. Мислам една националност тука не живее само.

Има збор господинот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, денес расправаме за еден многу важен закон, т.е. законот за избор на пратеници и одборници. Меѓутоа, не можеме да се пофалиме ни како

предлагачи ни како Собрание дека на новите народни избраници им нудиме закон кој е демократски и во суштина кој и одговара на реалноста на Македонија. Меѓутоа, ќе ја почнам мојата дискусија на следниот начин. Се- кој Марко работи наопаку. А нашиот Марко работи и зло и наопаку. Што значи ние пред два дена носевме закон за избор на претседател. Денеска расправаме за донесување на закон за одборници и пратеници, следи за политичките партии и да не зборувам дека за мене ова е неприфатливо токму заради тоа што ги тргнавме работите наопаку. За мене е многу битно, прво да се прават нови листи на избирачите, да се наведат точно тие кои ги исполнуваат условите за да ги избираат, од- носно да бидат избрани, што значи од 18, па до 23 години, бидејќи таквите млади, кои треба и им следува да гласаат, ви гарантирам дека не се во списоците на општинските собранија. Имав една прилика, бидејќи работев за една истражувачка дејност кога одевме на број, на пример да се избере бројот 120 во избирачките списоци, го наоѓа- ме таму, човекот е мртов, што значи не е избришан од избирачките списоци. Па, кога е така јас мислам дека пак ќе имаме хаос и за тие партии, кои ќе имаат свои кандидати, а исто така и за избирачите, бидејќи и во законот не е определено со каква лична карта треба и која е валидна. Мислам дека се спомнува во законот 1 април 1993 го- дина и сепак уште во стартот се дава можност за некоја манипулација. Некој во вчерашните дискусии, кој за мене ги ценам таквите дискусии ми наметнаа теза која за мене не е прифатлива дека се определивме за граѓанско општество, т.е. за Устав, за општествен устав и граѓански. Меѓутоа, јас мислам дека таквите тези со резерва треба да бидат прифатени. Прво, со Уставот не е така а и со работите кои ги гледа- ме за овие четири години, значи за мене не се прифатливи тие тези. Се отиде дури таму за да се елаборира тоа, би била голема среќа за Македонија кога на листата на СДС или на ВМРО би сме имале кандидат албанец или во политичките партии да

II/8.-

имаме кандидат македонец. Тоа мене потполно ме радува и се надевам во блиска иднина можеби Македонија ќе биде такво друштвено општество уредено врз такви темели. Меѓутоа, јас мислам дека таа е политичка фарса, бидејќи ако имаме граѓанско општество тоа значи да имаме и сите да сме во едно ниво со сите граѓански права. За жал, кај нас тоа не е така, имаме граѓани од втор ред. Меѓутоа, да не одолговлечувам некои од пратениците, ка- ко да плачат и да ронат солзи зошто нема претставник македонец од општините Дебар, се спомна и Гостивар и Тетово, меѓутоа, јас возвраќам на следниот начин. Имаме општини каде што живеат голем број албанци, тоа е Битола, Охрид, Ресен, Крушево, па ако сакате Прилеп и Велес. Дури во Крушево имаме 11 албанци одборници, тоа е втората партија, мислам после СДС, меѓутоа, ве прашувам, сега пак е тоа одговорот на вчерашниот дискутант ако одиме на тоа граѓанско општество, т.е. пратеници народни избраници кој е еден пратеник од овие општини македонец што истакна проблеми овде на говорницата, или пак во министерствата за што се однесуваат за албанците кои живеат во овие општини. А имало доста проблеми, почнувајќи од образованието, па и од инфраструктурата.

III/1 JJ/ЛБ

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**: (продолжение)

Значи ме радува кога еден таков народен избраник ќе истакне проблеми овде на своите сограѓани кои го избрале на некој начин, бидејќи тие пратеници веројатно добиле гласови и од албанците во тие општини каде што живеат. Ќе речам уште две три реченици во врска со неправилностите што беа во претходните избори. Не сакам да одолговлечувам, зашто на сите ни се познати. Законот ни нуди според мене малку измени. Слушам од министерката дека се тоа шест меѓутоа тоа за мене не е некоја голема суштинска промена. Само го користиме уставното право наместо со 120 да одиме на 140 пратеници од кои 20 да се избираат според пропорционалниот принцип.

Меѓутоа, вчера слушнавме доста работи од двајца искусни политичари според мене, дури имаа и дијалог меѓу себе, и самите тие не беа задоволни со стариот закон, а за мене е препис и овој закон од стариот закон. И кога тие не веруваат на таков"демократски" закон тогаш се поставува прашаше, како ние другите кога не сме имале прилика да ги изнесеме нашите ставови во врска со изменување и дополнување на законот.

Меѓутоа, некои од македонските пратеници, нормално дека не се задоволни од средствата за јавно информирање, кога имаат така голема прилика каде четири канали се строго, можам така да кажам, на македонски јазик , што ќеречеме ние пратениците од албанкските партии, односно од другите колективитети, бидејќи имаме малку време или програмите на албански јазик се толку кратки што стварно не ќе имаме прилика ниту една реченица или пак малку цинично да речам не можеме ниту нашите фотографии да ги однесеме, а не да зборуваме, бидејќи недостига време.

III/2

На крајот сакам во иднина од овие општини од каде што се избрани пратеници а за кои гласале и албанците, малку да ги отворат очите а не како овие досегашните.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Неџат Џафери

**НЕЏАТ ЏАФЕРИ:**

Почитувани колеги, почитувано претседателство што се однесува до точката што е на дневен ред предлогот за измена на законот за избор на пратеници и одборници, насловот не одговара на содржината, зашто малку нешто е останато од стариот закон неизменето. Во содржинскиот дел на законот плус квалитет е тоа што се дообјаснуваат некои работи што со стариот закон не беа исклистаризирани. Најбитна новина во овој закон е тоа што собранието на РМ, идното собрание не ќе брои 120 пратеници што се избираат со мнозинскиот систем туку 140 од кои 20 ќе бидат избрани според пропорционалниот систем.

Според тоа што се нуди во предлогот за изменување на стариот закон и образложението за 120 плус 20 пратеници ќе биде една шанса за помалите партии да имаат свои претставници, или да бидам по јасен и другите националности да имаат свои претставници во Парламентот ќе биде обична фатаморгана, зашто цензусот од 5% за обезбедување на едно пратеничко место според пропорционалниот принцип ќе биде само желба на многу мали партии т.е. на оние пар- тии каде што членовите повеќето се од некои националности што немаат претставник во Собранието. За реализацијата на таа желба треба да настојуваат овие мали партии што побргу да пораснат зашто оваа комбинација им одговара само на големите партии. Најидеалната застапеност во Собранието приближно на сите политички партии кои се претставуваат со свои програми па и за другите националности, е во тоа бројот 20

пратеници избрани на пропорционален принцип да се зголеми за да би се намалил цензусот од 5%. Тоа значи што поголем број пратеници што ќе се избираат според пропорционалниот систем, толку ќе бидеме поблиску до идеалното претставување на нашите граѓани во нашето Собрание.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

За реплика се јавува господинот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Јас не сакам да реплицирам затоа што јасно во овие три години сум го рекол. Но после мојата вчерашна дискусија, гледам од досегашните настапи од членовите на ПДП, сите тројца што зборуваа до сега во своите дискусии се осврнаа на мојот вчерашен настап. Тоа е јасно.

Прво јас кога мислев за изборните единици, морам да го повторам тоа, се однесуваше за пропорционалниот модел и тука ги гледам оние така наречени подизборна единица и ги зедов Дебар, Гостивар и Тетово, класично зашто тоа така е предвидено во статистичките податоци. Да не ја повторувам целата дискусија дека како, но за Гостивар реков во пропорционалниот систем треба да бидат застапени двајца македонци еден турчин, а го зедов тоа бидејќи и во Гостивар според пописот од 19 91 година беа попишани 12 илјади и нешто турци а во Куманово како подсистем во таа подизборна единица ги зедов србите зашто таму гравитираат околу 11 илјади срби според пописот. Тоа ми беше целта на моето излагање а не да направам една тотална заблуда во размислувањето. Тоа го реков само дека пропорционалниот систем и дека тоа не се однесува за тие изборни места што ги опфаќа целата територија на Македонија.

Второ имам забелешка околу тоа што се кажа граѓани од втор ред. Ако се чувствувате како граѓани од втор ред, јас добро ќе размислам за

вашата теза, но дајте ми право да ве упатам и вас, како ќе се чувствувате вие како македонци во еден дел од сопствената држава Македонија што живеат во Дебар и Гостивар и дали тие немаат право да кажат дека се македонци од втор ред. Уште пожалосно во својата татковина да бидат граѓани од втор ред.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Основните решенија во предлогот закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници предложени од Владата ги содржат сите компромиси кои ги загрозуваат македонските национални интереси. Заради тоа, оваа расправа со оглед на фактот што македонските партии кои што учествуваат во власта со помош на гласовите на пратениците од партиите на албанското малцинство се очекува дека ќе го реализираат таквото мнозинство, се претвора во обична фарса. Парламентот повторно ќе се доведе во ситуација да ги покрие отстапките на македонските партии кои заедно со пратениците од ПДП и НДП владеат во овој момент во Македонија, односно се ќе треба да се сведе на поделба на одговорноста.

Исто така , сосема е јасно дека дискусии во стилот што имавме прилика денес да ги слушнеме не само што ќе продолжуваат туку и импликациите од оваа несреќна комбинација на власта, секако негативно ќе ескалираат во понатамошниот период, се додека не собереме сили, се разбира, тоа треба да се случи овде во македонскиот парламент да ги укинеме партиите на малцинствата во РМ.

Право на секоја суверена држава во случајов и на РМ како национална држава на македонскиот народ е да донесува закони какви што одговараат на македонскиот народ и на македонската национална

држава . Проблемот е во нешто друго? Проблемот е во отстапките што македонските политички партии кои учествуваат во власта го имаат во својата неспремност да градат мостови на политичка соработка со македонско национално ориентираните партии, на место исклучиво ориентацијата да ја зачуваат оваа коалиција, но и стратешки да размислуваат за нова коалиција со националистичките партии на албанското малцинство во Македонија. Инаку ќе ги поддржам сите амандмани и дискусии што и ќе одат на линија на поддршка на мнозинскиот систем, на бројката од 120 пратеници, на подобрување на изборната постапка, на одвојување на Законот за избор и отповикување на пратеници како заеднички законски проект од она што претпоставува слична законска регулатива и за одборниците, заради тоа што прво и природно треба да се донесе законот за локална самоуправа. До кол било кој од овие аспекти изостане, тогаш на крај ќе гласам против 1 донесување на овој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

И утре господа пратеници кога ќе се сетите на зборовите на премудриот за сожителство, ќе заклучите дека е доцна за порадикални промени во општествено политичкиот живот во РМ. А задутре ќе констатирате дека делата на возвишениот доведоа до национална катастрофа за која нема поправен испит.

Всушност, ова што денеска го нуди Владата на РМ, Законот за избор на пратеници и одборници не е ништо друго туку само продолжување на агонијата на македонската држава и распродажба на националните интереси, на што нормално, кумуваат и господата од Македонскиот дел на коалицијата. Барем како такви се декларираа на последниот попис во 1991 година.

III/6

Следствено не е никаква тајна дека под притисок на ПДП и НДП останатиот дел од коалицијата го прифати пропорционалниот систем на избори, барем за оние 20 пратенички места, што во иднина ќе претставува, би рекол, огромен проблем во работата на македонскиот Собрание. Велам македонско, зошто сега засега е такво, а во иднина можеби името ќе го промени во парламент на сите што живеат во РМ. Очигледно интенцијата а верувам и желбите на премудриот и неговите пулени во Владата на РМ е ова македонско собрание и фактички да претставува собиралиште на сите, што би рекол нашиот народ "ојлевци-дојлевци" , кои што се најдоа во моментот на изборите на територијата на РМ. Впрочем, одамнешна желба на премудриот е ова Собрание да има и претставник на турците. Утре ќе се случи желбите и апетитите да се зголемат па ќе треба да се има и претставник и на египјаните, па некој тунгузијанец итн. итн. Верувам, желбите до толку ќе се прошират што ќе се бара претставник на малите- зелени. Колку за ваше појаснување, господа од високото превасвештенство т.е. од коалицијата, се работи за марсовци. Значи потребни ни се и марсовци за да пред светот и универзумот кажеме дека ние наследниците на Филип и Александар,некогашни варвари , барем така ги нарекуваа старите Грци, денес сме најголемите демократи со најдемократскиот Парламент. И со гарнитура ретко или воопшто видена во светот, што би требало во иднина да значи дека циркусот наречен "Парламент" ќе претставува општ улум или забава, на која јасно ќе се диференцираат спротивставените страни, по национална, а уште повеќе и по верска основа.

Значи она што го нудите со воведување на уште дваесет пратенички места по пропорционалниот систем ќе биде почеток на крајот на демократијата и граѓанскиот концепт, кои , вие господа толку упорно го форсирате на цел глас во Републиката и многу пошироко во светот. Божем за тоа некој дебело ќе ве награди со некој орден од Албанија,

III/7

Турција итн. божем тие ордени претставуваат раритет со огромна нумизматичка вредност, а вие како вредни собирачи на ордени од времето на едноумието, желни сте за истите, затоа што законот за истите сеуште не е донесен, па наши македонски, сакате да бидете турски, албански па и индиски, затоа што Индија е пра, пра татковина на ПЦЕР, за која лидерот на дотичната партија вели дека со овој пропорционален систем, неговата партија ќе има барем пет до шест бабачковци, во ова Собрание нормално.

Следствено но исто од типот е и партијата СДА-исламски пат и други партии кои веднаш, бес пардон треба да се забранат. Значи во иднина јасно ќе се исдеференцираат два блока- христијански и исламски , а кога така се одвиваат работите тоа ќе биде крај на сите илузии за сожителство кое упорно се потенцира од владеачкиот естабишмлен.

Затоа јас како пратеник исклучиво се залагам за мнозинскиот систем на избори кој што единствено одговара на потребите на Македонската држава и на Македонската нација.

IV/1 НН/НД

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господинот Фаик Абди бара реплика.

**ФАИК АБДИ:**

Му благодарам на претходниот говорник што ми даде шанса да зборувам инаку немав вакво право.

Мене ме збунува навистина една работа овие два дена, три овде што расправаме по овој закон. Како што беше спомнато додека овде двајца добри политичари вчера расправаа за доста големи матери кои што ние не ги разбираме, јас признавам дека сум многу мал политичар и моите скромни познавања се на едно друго ниво. Колку што ј знам светот и нашата Република се организирани на територијален принцип и врз база на тој територијален принцип и населението кое што живее внатре во градовите и месните заедници и изборните кругови, и како се викаат, тоа е составот на населението, друг не може да биде. Многу ме тангира ако некој овде смета дека во некое подрачје ако живеат само на пример 100 македонци, а се друго се некој си "тонгузијанци" мора претседателот да биде македонец или мора пратеникот да биде македонец.

Второ, што мислам дека не сме го разбрале тоа, голема штета е, пропорционалниот принцип вметнат во изборниот закон. Јас ги молам министрите ако треба за ова да дадат и едно објаснуваше. Навистина многу е интересно прашањето на пример во градот Дебар ако таму нема можност според мнозинскиот систем да се дојде до едно пратеничко место, тогаш според пропорционалниот систем они можат да изберат еден добар граѓанин, добар политичар од Дебар и да го кандидираат токму по тој пропорционален систем. Јас не ја гледам, да бидам искрен шансата на малите партии, на малите националности дека тие ќе дојдат

во овие пратенички клупи и ќе се најдат овде 15 индуси, или цеорнци, како што рече некој, или обратно. Не е тоа тоа. Ако вие како партии, да речеме ВМРО сте голема партија и еден голем дел од гласачкото тело ќе се изјасни за вас и за вашата кандидатска листа по пропорционален систем, па вие ќе имате и од Гостивар и од Дебар и не знам од каде. Тоа важи за сите други партии, да се разбереме. Значи треба многу пообмислено да е ова што го кажувате и што го предлагате. Вие правите лоша услуга. Според тоа, јас ни најмалку не се носам со замисла дека малите националности ќе дојдат со не знам колку голем одраз или да се одразиме, како што викаат во Белград глумците. Не е тоа така. Ако има гласачко тело има, ако нема нема. Според тоа обмислете што предлагате. Немојте да вреѓате никого зашто националниот елемент во преамбулата на Уставот на Република Македонија на никого не му дава право, на оваа говорница и било каде да се однесува како господар а некој друг како роб. Ние сме сите подеднакво рамноправни како луѓе, како граѓани на оваа држава, на оваа Република Македонија. Ова што од овде се прокламира смрди на нешто лошо.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, веќе и јас ќе се согласам со претходните дискутанти дека прекасно е веќе да се зборува за една демократи- ја и за една македонска држава. Во сите дискусии се вели дека ние сме државјани на Македонија, ние живееме тука, ние сакаме тука да бидеме, а зошто се протежира да се воведат други национални знаци во знаците на обележјата на македонската држава. Јас немам против, јас исклучиво ги критикувам нашите партии. Ќе почнам со она, не е крив оној што изел два зелника, туку кој му даде три зелника да изеде. Да не биде

навредливо, видете овде што велите. Ако е тоа државјанин на Македонија, сожителство на Македонија зошто се формира друга политичка партија, албанска партија. Според мене сите државјани на Македонија треба да се групираат во партиите на македонските национални партии и таму да се изборат да бидат пратеници а не да бидат посебно одвоени. Ако вака правиме, зошто тоа не се применува во другите држави. Да ја земеме Австралија. Кога би добила австралиски парламент Австралија ако на тој начин оди. А еве еден примерок, што се вели овде, велиме државјани на Македонија сме, ја сакаме македонската држава, а што зборува овој знак овде....

(покажува на пратениците)

Е па нема врска за вас, ама за мене има врска. Нормално е тоа дека за вас нема врска. Тоа значи дека постепено ние нема да речете дека сте државјани и граѓани на македонската држава, туку утре ќе речете дека на Албанија сте со овие податоци напред што се зборува.

Јас предлагам, исто така го прифаќам овој закон само со сите поднесени амандмани и законот само со мнозинскиот систем. Инаку овој закон со пропорционалниот систем ќе и нанесе не само материјална туку и морална и политичка загуба на македонската држава

Зошто одиме ние да го оптеретуваме уште повеќе со 20 пратеника кога и така велиме дека оваа мала сиромашка држава се обновува сега. Ние наместо да одиме на намалуваше на овој персонал, на сета администрација по собранијата, по министерствата и други, ние одиме уште да го наголемиме тој број. Кој ќе го плаќа тој број, а гледаме дека само производните организации одат под стечај,а собранијата, министерствата, сите државни установи, никој нема отидено под стечај и уште остануваат на грбот на оној мал народ што уште произведува, од

она што се издвоени од стечајните и затворените фабрики. Затоа предлагам, во случај ако не се намали од 120 да не се оди повеќе од 120 пратеника. Да си останат овие 120 пратеници. Ако можат да одлучуваат 120 пратеници тогаш не ќе бидат потребни уште 20 пратеника. Секако ќе можат да се вршат работите и со 120 пратеника.

Исто така, може да се прифати да одат оние кандидати за пратеници што ќе добијат поголем процент на првиот избор да можат да одат на втор избор со она што е поднесено со 20% од добиените гласови. Со тоа ќе се олесне и работата, ќе дојдат до израз оние кандидати кои веќе имаат добиено мнозинство од своите бирачи на првиот круг. Ако сакаме да ги запазиме и да одиме би требало ова да се прифати, сите кандидати да се кандидираат во партии на македонски национални партии. Ако се осеќа тој жител пак ќе си биде национално определение меѓутоа да се знае дека ја сака оваа држава.

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Најпрво имам една/ забелешка на господинот Киро Поповски, кој ја води седницата за тоа кога баравме ние реплика од Прилеп не ни даде, иако беше спомнат Прилеп, а овде беа спомнати некои национални малцинства односно ромите, а поимот Роми е еден општ поим. Тој даде реплика за некој што спомна низ цела Македонија нешто, а ние само за Прилеп не даде реплика. Но добро, за тоа сам нека си размислува понатаму.

Јас сум благодарен на господинот Александар Флоровски кој навистина ми одзеде дел од дискусијата и изнесе многу работи што сакав јас да ги изнесам. Тоа е чистата вистина што може да се случи на Македонија, односно на македонскиот народ. Однапред кажувам дека се

сложувам само со мнозинскиот систем, понатаму ништо друго и нема да гласам за тој закон, ако не се прифати само со мнозински систем.

Беше спомнат Прилеп како една реплика што ја барав, само сега верувам во дискусијата нешто ќе кажам. Имаше некој оттука од говорницата го спореди Прилеп со Гостивар. Јас мислам таа споредба да се направи е многу тешка и тежок удар за македонскиот народ не само за Прилеп. Зошто? Ако се сетиме наназад во последните години дека северниот дел на Македонија односно со западниот, така речено Гостивар, нека се сети тој говорник што тука искажа некои бројки каков прилив имало од Косово, од Албанија, па и од секаде и ако смет на еден прилив што треба да дојдат албанци односно жители од други држави и од поранешните југословенски републики и ако ги смета дека тие треба да се земат како жители на Македонија и да имаат свои претставници во Парламентот, тогаш ние што можеме уште за неколку години да направиме. Македонија со една таква инвазија како што се врши за овие последните години, со една таква инвазија на други жители не родени тука, населувани од други држави и од други краишта на Бившата југословенска држава, од бившите југословенски републики тогаш Македонија ќе стане односно македонскиот народ ќе стане национално малцинство.

Понекогаш не се толку виновни оние што бараат, туку повеќе се виновни оние што му даваат права. Не мислам на права што ги имаат по меѓународните тарифи и норми туку, оние права што не постојат во ниеден устав на ниедна држава во светот, а овде ние вршиме распродажба на македонскиот народ односно распродажба на македонската нација. За тоа со овој мнозински систем уште повеќе ја загрозуваме македонската нација и македонскиот народ. Затоа пак ќе повторам само ако некој биде уништувач и предавник на македонскиот народ ќе бидат оние што го прифаќаат, а не оние што го бараат.

**ЏЕЛИЛИ ТАИРИ:**

Морам искрено да ви кажам дека не сакав да учествувам во дискусија, меѓутоа, претходниот дискутант ме наведе да кажам неколку збора, бидејќи беше спомнат Гостивар.

Јас сум пратеник од Гостивар кој што е роден во Гостивар, татко ми, дедо ми и прадедо ми, тука се родиле, живееле и така натаму.

Тврдам дека во Гостивар нема фамилија од Косово, ниту пак од Албанија освен мажени и женети итн. Меѓутоа, на господинот сакам да му кажа^ дека во Гостивар има доста македонци кои што пред некое време беа дојдени од источните земји на Европа, знаеме и тоа во голем дел, за кои што ние како граѓани ги прифативме како такви. Не господинот да тврди обратно. Јас имам морална обврска ова да го кажам пред овој Парламент. Затоа мислам дека не треба вакви работи да се изнесуваат 1 како што се лаги пред оваа говорница.

**ДУШКО ГОРЧЕВСКИ:**

Ми се чини господинот што ја даваше репликата добро не ме разбра. Јас реков само за оние албанци што се населени, а за тие што се тука родени не спомнав./Тој кажува дека воопшто нема албанци доселени. И самиот рече дека има што склучувале бракови, па на тој начин се прави тоа. Нормално е тоа. Тие дали се родиле тука што склопуваат бракови од другите републики, поранешните. А за македонците што спомна, тие се македонци на оваа матична држава. Реков, се македонци и македонците го имаат својот народ и својата држава овде. Албанците си имаат веќе своја држава. Јас не знам што бараат овде повеќе од една националност.

Со оглед дека господинот навистина ги познава приликите во Гостивар му препорачувам да му најдеме едно добро работно место таму како матичар во општинска организација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и госопда, дозволете ми јас во општата расправа да дадам свое мислење за предложениот закон за измени и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници. Ваков текст или сличен на нас ни беше понуден при крај на месец јуни минатата година, па самиот предлагач увиде дека истиот текст не ќе има потреба да се носи од својата невалидност и го повлече на една од наредните седници.

Сега дозволете ми да кажам во што е моето неслагање со овој текст на предложен закон, а не со потребата за негово донесување.

Потребата за донесување на овој закон постои, Парламентот ја утврди без оглед на која содржина на текстот на законот ќе биде. За мене е основна работа што овде е неприфатлива, а тоа што со овој закон се впуштаме да расправаме за една неуставна категорија исто во законот да вршиме интервенција и за одборници.

Член 62 став 4 има јасна формулација и кажува како и кој закон треба да се донесе за избор на пратеници, за кои говори во став 1. Начинот и условите за избор на пратеници се утврдува со закон што се донесува со мнозинство на гласови. Ако ова динкстинција во самиот текст на овој член ја немаше јас тогаш и ќе го прифатев да оди заедно со одборниците. Меѓутоа, законодавецот при утврдувањето на текстот на Уставот одлучил да се утврдат условите и начинот за избор на пратениците со квалификувано мнозинство при донесување на законот. Штом во Уставот е одредено и мнозинството за донесување на некој

закон тогаш не дозволува да се мешаат другите посебни услови за изгласување на законите. Па, така кога се говори за законот за знамето, за грбот и за химната се говори со двотретинско мнозинство од 8 0 пратеника. Кога се говори за работа на Собранието се говори за мнозинство повеќе од половина. Кога се говори за донесуваше на другите закони се говори да можат да се донесат со најмалку една третина од вкупниот број на пратеници. Што значи начинот на кој дава како ќе се донесуваат законите одредил и кои се тие закони што ќе се донесуваат по таа постапка.

V/1/СС/лј

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Ова јасно говори дека за одборниците односно за претставниците на локалната самоуправа не дал како ќе се расправа и со кое мнозинство односно може целото Собрание да расправа, меѓутоа, донесувањето ќе биде минимумот што е потребен. Може и повеќе, но минимумот е запазен. Со запазувањето на миниумот се врши и персификација на законите што ќе бидат донесени.

Според ова, сметам дека додатниот дел од законот за избор и отповикување на одборници не кореспондира и е надвор од уставните овластувања што се даваат за избор на претставници во Собранието.

Дека. ова е така говори и одредбата од Уставниот закон на член 10, став 4, законот за избор на пратеници во Собранието, овој закон за спроведување на Уставот го дали името на законот. Уставниот закон не упатува како ќе треба и што да работиме и кои закони да ги донесеме, што значи дека законот за спроведуваше на уставот не дава да правиме мешаница. Дал чиста положба и вели овој закон ќе се однесува само за пратеници. Дека е тоа така, продолжувам да го читам по- натаму истиот член - Законот за избор на претседател на РМ, го става пак со име и презиме. Потоа, на крајот Законот за политичките партии. Што значи дека овие три закони апсолутно добиваат ново име, нова содржина и ново упатство нужни да се донесат пред да се спроведат наредни избори. Дали тоа ќе бидат редовни или вонредни, законодавецот тука не дал посебна разлика, туку кажал дека одржувањето на изборите, да биде овие закони донесени пред да се одржат изборите во одреден временски период.

При една ваква положба, ве молам господа пратеници да го задолжиме предлагачот да направи разлика, додека не се донесе законот за локалната самоуправа да не се служиме со општи термини - претставници да не се одлучува за начинот како ќе бидат претставувани во таа локалшна самоуправа, за тоа што во 115, член, вели - во

V/2.-

локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето. Овој прв дел од оваа реченица на тој член говори за претходно прашање за изборниот материјал односно за изборните правила во локалната самоуправа. Дали тоа ќе бидат претставници? Замислете ако во локална самоуправа се одлучи поедини еснафи да ги предлагаат претставниците? Тогаш како ќе говориме за избор на претставници со иста формула?

Тоа е проблемот за кој одиме предвреме. И, по мое мислење би требало и е најцелисходно, затоа што се работи за државен интерес, за изборен закон кој има содржина и го почитува интересот на државата да бидеме тука единствени дека треба да донесеме закон. Какви ќе бидат решенијата за тоа ќе говорам подоцна.

Тука има друго прашање. Овде е принципот да се раздвои ова или она. Затоа предлагам на предлагачот ова да го направи со амандман каде нема да се говори за одборниците, нивен избор и отповикување...

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ви истече времето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Ако ми дозволите да кажам, ќе го почитувам ова што го кажав- те, меѓутоа, сега имам нешто начелно што мислам да предложам по однос начелно за законот.

Господа, јас мислам во начело треба да се води сметка и за самата контрола при изборите. Самото претставување, еден од пратениците не се сеќавам овде кој тоа го кажа, за мене не е битно, начинот на претставувањето не може да го уредува една куќа за пропаганда, односно македонската телевизија во своја програма. Ако се говори дек се работи за македонска телевизија, а овој парламент е на Македонија, македонски парламент, во него треба да се одлучи на кој начин и кои луѓе ќе ги видат избирачите и како ќе ги видат, да се претставуваат поднеднакво. Не може самата телевизија тоа да го прави. Тогаш, ќе го

направи за оние кои ја имаат во своја власт. Ќе направи - вака ќе биде претставувањето, ќе направи форсирање на овие, а другите ќе ги запостави. Решението ќе го направат политичките учесници во изборите, а телевизијата со закон ќе биде задолжена да го спроведе. Ако друго не, тогаш нека види во Законот за радиодифузијата каде стои дека радиодифузните станици се должни едниот дел да го објавуваат како ќе се наложи од власта.

Од тие причини укажувам во однос на претставувањето.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Го пречекоривте времето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете ми, барам по втор пат продолжување само за гласачките кутии.

Господа, да го решиме целосниот спор и верувам дека нема да се повтори вчерашната непријатна, за мене работа. Веројатно некому е пријатно. нека овие избирачки кутии бидат од провидна пластична маса, а ако предлагачот или државата преку распоредот на средствата не е во состојба Владата да обезбеди средства за правење други такви кутии,. дрвените кутии што се користеле досега да бидат запечатувани 15 минути пред отворање на гласачкото место во присуство на претставниците на кандидатите и тој записник да биде запишано и така тој записник да биде потпишан. Така, нема потреба да ги клатиме кутиите да видиме дали во нив има нешто или нема.

И по однос на избирачкиот материјал давам посебен предлог, тоа ќе го раcправаме во амандманскиот дел.

Благодарам и дозволете ми да завршам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Обврзан сум да не толерирам пречекорување на ограниченото време. Затоа молам до сите пратеници да ја почитуваат одлуката што ја донесовме.

V/4.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ве замолив за продолжение.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господинот Стојановски пет минути потроши од следната дискусија.

Збор бара господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека ВМРО-ДПМНЕ и оние пратеници што ја сочинуваат опозицијата беа во право кога укажаа дека законот што се понуди во 19 93 година треба да оди на доработка. Факт е дека тоа се почитуваше од позицијата и ние навистина денеска имаме закон кој е доработен.

Основната слабост на тој предлог е во тоа што ја изразува немоќта на позицијата да разреши некои прашања, а едно од основните прашања на таа немоќ е прашањето за законот за локалната самоуправа. Оттука, не треба никого да изненадува затоа што во овој закон не се почитува Уставот, поточно членот 10 од Уставниот закон каде се зборува за закон за избор на пратеници, значи нов закон и не се почитува членот 62 од Уставот кој зборува за пратеници, како народни избраници. Сои други зборови, овој закон не треба да се донесува како закон за изменување и дополнување на постојниот закон, туку како нов закон што ќе го уреди прашањето за избор на народни пратеници. Ништо повеќе.

Законот за локална самоуправа треба да го третира прашањето за избор на одборниците, меѓутоа, Владата во овој случај позицијата не способна и немајќи сили да го надмине проблемот со законот за локалната самоуправа се одлучи да направи една финеса, а таа се состои во тоа што привидно ќе донесеме еден закон во кој ќе фигурира и избор на одборници, иако во уставот никаде не се зборува за одборници туку за претставници во единиците на локалната самоуправа. Во таа смисла нуди решение со кое го продолжува мандатот на постојните

собранија за уште шест месеци по конституирањето на овој парламент, значи после новиот избор. Со ова јасно се сака да се види немоќта на позицијата односно дека во случајот не е можно некои прашања што треба со законот за локалната самоуправа да се решат, се остава тие да ги разрешува новиот состав на парламентот каде што веројатно ќе има друг распоред на силите. Тоа значи дека постојната Влада бега од решавање на проблемите што постојат во РМ.

Сакам исто така да укажам и на еден втор момент, а тоа е дека се воведува пропорционалниот систем како дел од мнозинскиот систем. Сметам и тоа го почитувам како и мислењето на господинот Стојановски, дека во Уставот немаме основ за воведување на пропорционалниот систем тоа значи дека само мнозинскиот систем е уставно дозволено решение при избор на претставници во парламентот на РМ.

Ова што се сака да се постигне со овие 2 0 пратеници тоа е исто да речам еден експеримент што го наметнува европската заедница, не знам кој точно, веројатно господинот Киро Поповски знае, една експертна група која прави експеримент во однос на пропорционалниот систем за 20 пратеници од аспект што сака да се обезбеди, наводно, застапеност на сите националности во парламентот на РМ.

Овде имаше гласно говорници кои што, еве конкретно ќе кажам се залагаа дека со пропорционалниот систем ќе се обезбедат пратеници националностите. Напротив, можам да ви кажам дека нашите оценки укажуваат дека ниту претставници на Влаите ниту претставници на Србите не можат да обезбедат претставници пратеници, во парламентот, од едноставна причина што не можат да ја исполнат потребната квота на гласови за нивната листа да им овозможи претставник во парламентот.

За тоа во оваа прилика сметам дека, и веројатно еден пример со што ќе се согласи господинот Киро Поповски дека припадниците на националните малцинства можат да го користат примерот на Социјалистичката партија, каде што партијата на ромите коалицира и

затоа имаме и претставници пратеници од ромите во овој парламент. Ова како искуство не би требало да се потценува. Ова е како една потврда на она за што ние се залагаме, за мнозинскиот систем. А, тоа значи, дека и во услови на мнозинскиот систем е можно да се обезбеди присуство на националностите преку постојните партии во РМ.

Бидејќи немам намера понатаму да укажувам на некои работи нашата определба е јасна во овој момент се определуваме за мнозинскиот систем и дека не е неопходен на РМ пропорционалниот систем, сакам да укажам само на едно и со тоа ќе завршам и не ги користам своите 15 минути, бидејќи ако продолжам ќе се повторам со другите претходни говорници.

Имено, почитувани пратеници, укажувам дека оваа говорница не би требало и не е време да се зборува за античкиот период од историјата на Македонија. Историјата на Македонија треба да се третира во континуитет до денешниот ден, но не на ова место, бидејќи говорница ва треба секогаш да биде во функција на заштита на македонските државни интереси и тоа мора да се почитува од секој пратеник).

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот госпоѓа Силјановска - Дафкова. Сепак сум должен бидејќи господинот Фаик Абди не реагираше, господинот Фаик Абди е заеднички кандидат на двете партии. И не треба од тоа да се вади било каква оценка.

Има збор министерот Гордана Силјановска.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство дозволете ми да го дообјаснам законот.

Зошто измени на закон, а не нов закон како што многумина од вас рекоа?

Јас одговорно тврдам дека и по бројот на измените, еден од пратениците го наведе бројот, не се сомневам во него, и по карактеро1 на истите се работи за нов закон. Само по форма ова е закон за измени

Зошто се одлучивме за измени а не за нов закон?

Од чисто практични односно чисто прагматични причини за да не ја враќаме работата на почеток, односно да не се враќаме на фаза на предлог за донесување на закон.

Убедена сум дека со помош на ЗПК, доколку се усвои овој закон на крајот од расправата ќе добиеме нов закон кој нема веќе да се вика закон за измена на пратеници и одборници, туку само едноставно закон за избор на пратеници и одборници. Оттука, воопшто не држи тврдењето на еден од дискутантите дека се работи на против уставен закон што се уште во себе го содржи институтот одбор. Тој е избришан. Тоа е првото.

Второ, зошто еден закон и за пратеници и за одборници, а не посебни закони?

Еден од дискутантите напомна дека законот за локална само-управа не е донесен. Ние го предложивме, Вие не го донесовте.

Што се случува сега? Не можеме ние во моментов да предложим нов закон за избор на одборници, не можеме, бидејќи во тој случај треба да прејудицираме решенија од законот за локалната самоуправа. Оттука, и во преодните и во завршните одредби оној став за кој говореше и господинот Стефковски, кога ќе биде донесен законот за локална самоуправа, а јас се надевам без оглед која партија ќе победи дека ќе најде сила да го донесе, нормално дека во преодните и завршни одредби на тој закон ќе стои на пример ваква одредба дека 60 или 90 дена по стапувањето во сила на овој закон ќе се< оди на локални избори.

Ние моравме овде да внесеме одредби и за избор на одборници од проста причина што не смеевте да оставиме правен вакум. Што ако во меѓувреме се распушти некое општинско собрание, а ние имаме само

закон за пратеници? По кој закон ќе ги бирате одборниците во него?

Често пати овде се спомнува дека Уставот говори само за закон за пратеници, и тоа како во нормативниот дел, така и во Уставниот закон. Според тоа, чудно е како тоа може Владата да предлага закон и за избор на пратеници и одборници?

во суштината на Уставот онаа одредба дека се што не е забрането е дозволено. Значи, никаде не се вели дека ако стои дека е само закон за пратеници, не може изборот да биде и за одборници.

Што ни дава за право? Јас тврдам дека избор е избор. Без оглед дали изборот на локално ниво или на национално односно државно ниво.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:** (Продолжение)

Правилата се тука исти. Според тоа, сосема демократски е и мнозинството, што ќе рече 61 и за избор на одборници да биде исто. Лошо би било ако ние во законот за локална самоуправа вградиме одредби за избор на одборници, зашто тој тогаш се носи со 2/3 мнозинство па би требало одборниците да се бираат со појако мнозинство од пратениците.

Сакам и околу следново да кажам. Овде беше изнесена една идеја дека што се однесува до изборот на пратениците може да се примени и ваква постапка: да се избере градоначалник, а тој да ги именува советниците. Морам да кажам дека нема парламентарна демократија во светот - одговорно тоа го тврдам, не само како министер туку и како човек од Универзитетот - во која членовите на советите не се избираат туку се именуваат. Во правна држава локалните избори никаде не ги пресликуваат изборите на државно ниво. Имајте ги предвид последните избори да речеме во Италија, во една општина победи демократската левица, во друга демохристијаните, во трета форце Италија, но државата функционира. Тоа сосема природно и во Македонија да се случи.

Трето околу што би сакала да продискутирам зошто Владата се одлучи да предложи, јас упорно тврдам не комбиниран систем туку мнозински систем како основен систем со коректив од 20 пратеници бирани по пропорционален систем. Пак одговорно тврдам дека пропорционалниот систем не смееме ни од левата ни од десната страна да го мешаме со етничките и верските малцинства. Пропорционалниот систем во Европа се појави од сосема други причини. На крајот на XIX век прво во Шведска, и во Белгија за да може работничките партии да

партиципираат во власта, за што според дотогашниот важечки мнозински принцип, работничките партии, иако на ниво на цела држава освојувале многу гласови во одделни изборни единици никогаш не можеле да освојат толкаво мнозинство за да влезат во Парламентот. Значи, идејата на пропорционалниот систем е не етничките и верските заедници да влезат во Парламентите, туку малцинства по различни основи. Да ја погледаме Македонија. Во моментот во Македонија има над 50 партии. Не е ли демократски и на малите партии, бидејќи сета опозиција тоа го бара, да им се овозможи, ако не друго, барем да пробаат на изборите. Честопати, мали партии имаат големи симпатизери и тоа не е за потценување. Значи, тоа е суштината на овој принципи. И да напоменам, Германија има мешовит систем од 1949 година до денес, каде 50 - 50 во бунтестагот се бираат пратеници и по мнозински и по пропорционален принцип, но резултатот е стабилна влада, односно ист како и по мнозински принцип. Тука е нашата идеја.

Не ми е многу пријатно да коментирам, морам да кажам дека ние не можеме со закон да инаугурираме во партиски систем, иако помеѓу стабилноста и репрезентативноста ни е цврсто стоиле зад стабилност и затоа го одбравме мнозинскиот систем, зашто тој на подолг рок ќе доведе до двопартиски систем. Но не можете во моментот да речете: не сме Македонија, нема 50 партии и можеме да инаугурираме англиски двопартиски систем.

Повеќе од пратениците кога го критикуваат пропорционалниот систем и Владата ја обвинуваат за национално предавство, за пример ја посочуваат дискусијата на еден господин. Јас морам да кажам дека тој господин сосема го разбирам додека беше член на партијата ВМРО. Меѓутоа, одговорно тврдам дека најголеми застапници на пропорционалниот систем во Македонија - овде има луѓе кои седеа со

мене на трибината што ја организираше МДС - беа Лигата за демократија и МААК, бидејќи лигата колективно влезе во Демократската партија, јас не знам што се изменило во однос на нејзиниот став во однос на интересите и на Македонија, па сега се согласува дека доколку оваа Влада предлага пропорционален систем, тоа ќе доведе до национална катастрофа.

Убедена сум дека оваа Влада е за фер и за демократски избори. Токму затоа и поради вашите причини и поради нашите причини го повлековме законот, тој не одеше во идна фаза и предложивме да оди во две фази. Дури и не се плашевме да поднесеме барање до Советот за Европа да направи експертиза на толку критикуваниот закон денеска. Експертизата е направена. Советот на Европа, морам да кажам, ги ангажира следниве експерти: членовите, претседателите на Законодавно - правната комисија, на Комисијата за политички систем, претседателот на Собранието исто така, ги имаат мислењето и експертизата на овие господа. Тоа се:Г-динот Тимоти Секстон, екперт од Ирска, Валтер Генсиор од Германија, Серџо Бартоле од Италија и професорот Маскле, декан на Правниот факултет. Јас нема да ги покажувам нивните мислења овде, ги имате, проверете ги, но ние не се задоволивме само со Европско мислење, преку демократскиот институт исто така побаравме мислење, ви стои на увид и ќе видите дека експертизата вели дека текстот е во суштина добра, предлагаат измени, измените ги вградивме, а некои од операционализациите на измените јас ги слушнав како амандмани, со радост ќе го прифатиме. Така што едно тврдење на еден пратеник дека не кажуваме што рекол г-динот Тимо Секстон дека 6 месеци порано треба да бидат истакнати избирачките списоци, не држи. Избирачките списоци не се предмет на овој закон. Обврска ми е ка кажам

дека оваа одредба е вградена во Законот за избирачки списоци, без оглед дали вие ќе го прифатите предлогот на г-динот Ковачевски или на г-дата Стојановски и Стоиле Стојков или предлогот на Владата. Без избирачки списоци на избори на одиме.

Јас не знам од каде тврдењето дека на позицијата и одговара неажуриран>ето на избирачките списоци. Навистина тоа е да речам, едно политички фантастично тврдење. Неажурираните списоци се резултат знаеме на кого, на државната управа што ние ја критикувавме, меѓутоа, господа, таа државна управа ние во голем дел ја наследивме. И ажурирањето на избирачките списоци ќе почне на природно во моментот кога ќе заврши постапката по државјанствата бидејќи јас одговорно тврдам дека во сегашните избирачки списоци, врз основа на лична карта можеби има и луѓе кои не се државјани на РМ. Тогаш, само тогаш кога ќе заврши постапката околу државјанството и кога ќе бидат направени избирачките списоци можат да се направат избирачки карти. Сега тоа е невозможно. Избирачките карти ќе бидат документ за докажување на изборното право на гласачот. Значи, по нивното завршување избирачки карти Македонија мора да направи.

Често пати не ми е пријатно, меѓутоа а не можам да- не коментирам, извесни пратеници овде направија пратенички анализи на претходните избори и на она што се случи во изборната единица 103, изразувајќи сомневање во Судот, изразувајќи сомневање во Републичката комисија, избирачките одбори итн. Господа, тој закон не го Направи оваа Влада, тој закон го предложи последната комунистичка влада, го усвои последното комунистичко собрание, но се разбира со благослов на последниот Централен комитет. Според тоа, не

обвинувајте не за последиците што ги предизвикал токму оној што го критикува овој закон. Зошто јас за прв пат влегов во оваа зграда, не знам дали беше со повеќе луѓе што овде ги гледам ми се чини 1989 година , во една. мала саличка во Парламентот и се обидов - г-динот пред мене беше присутен - да го критикувам текстот на тој закон. Без успешно беше. Можеби тогаш не седеа тогаш во таа сала претставниците на ЦК, но седеа нивните еминенти. Според тоа, оваа Влада предлага измени на тој недемократски закон, а не статус кво, барајќи ги причините во себе.

Беше изнесена исто така една теза која што не ни е јасно зошто се врзува за една земја која што во моментот можеби е синоним за недекократско однесуваше на Балканот. Тоа е наша соседна Грција дека( треба да поднесат оставки некои министри итн. Бидејќи моето скромно знаење ми го овозможуваа тоа, јас морам да го кажам следното. Точно е дека во Грција се отиде на чиновничка влада пред изборите, меѓутоа, претходеше распушташе на Собранието. ДА не го заборавиме тоа.

И друго, морам да признам,Законот не е совршен, има многу проблеми, проблемите се главно од технички карактер и тие се согледуваат низ сите избори. Јас сум една од оние која неколкупати рекла дека штитејќи ја опозицијата позицијата се штити себе си, зашто утре вие може да ја имате власта и сум убедена во тоа. Затоа и амандманите од типот на оние дека не смеат во избирачките места да седат лица кои се вработени во Министерството за внатрешни работи или во Агенцијата или во безбедност, ми се сосема прифатливи. Или треба да се проверат избирачките кутии, сосема ми е тоа прифатливо. Но имајте предвид дека основ за сиве овие амандмани што ги

предлагате, бидејќи тие се операционализација на една одредба што никој можеби не сака да ја коментира, но која е клуч ми се чини на демократијата на овој закон. А тоа е онаа одредба дека променливиот состав е крив што се грижи за законитоста,што беше мислена именка во претходниот закон, не се ни споменуваше. Затоа велам спремни сме за соработка на овој план.

И не можам да не споменам еден од пратениците ми се чини на ПДП рече дека би бил сосема^ среќен кога на листата на некоја од партиите во кои повеќето пратеници се Македонци би видел Албанец, и обратно. Јас морам да кажам дека на листата на Либералите имаше 2 Албанци, кои не поминаа во средини каде што главно живее албанска националност. Затоа, јас мислам, не знам, со вашите амандмани ќе добиеме подобар закон, а со помошта на ЗПК сосема нов закон.

Во последен момент денес Владата ќе побара, бидејќи тоа е понудено од г-динот Андерсон, ние вградивме одредба што ја бараше опозицијата изборите да може да ги набљудуваат надворешни, внатрешни набљудувачи, во моментов дознаваме дека ЌЕБС е директно заинтересиран тоа да го стори и немаме ништо против.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас како претседавач сепак морам да упатам една забелешка дека не е вообичаено претставници на Владата да влегуваат во меѓупартиски оценки и дискусии или оценки да даваат за одделни пратеници. Претпоставувам дека најдобра намера имаше министерката Гордана Силјановска, меѓутоа, претпоставувам дека тоа ќе предизвика реакции и обрнувам внимание на тоа.

(Пратеникот Михаил Пановски бара реплика)

Не ве спомна, незнам зошто.

Има збор пратеникот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Секој што ќе ја каже мојата дискусија и кога ќе ја слушне оваа дискусија на министерката знае дека 90% од нејзината дискусија се однесуваше на мене.

Најнапред да почнам од Тимоти Секстон, бидејќи единствено јас овде го спомнав Тимоти Секстон, претставникот од Европската унија кој што беше овде дојден по потекло од Ирска. Г-динот многу убаво каже дека на Македонија, доколку сака да овозможи чесни избори, треба 6 месеци пред изборите да ги ажурира своите изборни списоци. Јас на тоа стојам и инсистирам. За таа цел, а бидејќи нема б месеци време, имаме поднесено и амандман повеќе пратеници, чиј што потписник сум и јас, каде инсистираме најмалку 2 месеца порано да бидат ажурирани изборните списоци. Без ажурирани избрани списоци во Македонија не може да има чесни избори, зошто еве и овие избори во изборната единица 103 дека власта љубоморно си ги чува своите изборни списоци, врз основа ан тие изборни списоци можат да гласаат луѓе кои одамна отишле - во н. Бутел, значи покојни се, може да гласаат луѓе кои моментално не се присутни тука, а од друга страна луѓе кои го стекнале, го добиле своето гласачко право воопшто не се поканети. Тоа се конкретни случувања што се случија на изборите во изборната единица 103.

Понатаму, бидејќи јас го спомнав примерот и за Грција дека при времето на распишувањето на изборите, на истиот ден беа сменети министрите за одбрана, за полиција, за информации и за правосудство, јас го предлагам тоа да биде исто и кај нас, од причини што

дополнителните избори во изборната единица 10 3 докажаа дека Министерот за полиција и Министерот аз правосудство не можат да стојат настрана од своите ингеренции, едноставно имаш^ долажано е, со изјави од луѓе дека беа вмешани во Изборната единица 103 вработени во МВР, во јавната безбедност, во државната безбедност, а исто така и судиите кои се во изборната комисија 10 3 едноставно не можат да бидат реални и непристрасни, од проста причина што власта ги држи во шака со нивниот реизбор, кој што сега треба даоуследи, доколку уследи, се разбира.

Уште би се задржал на тезата дека пропорционалниот систем не можеме да го мешаме со етничкото, искажано од г-ѓата министерка.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Вие немате право коментар да правите на тоа. Вие сега може да почнете на сите дискусии да правите коментар.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас тврдам дека на овој начин ние во Македонија ќе промовираме со овие 20 пропорционални изборни пратеници што ќе дојдат овде врз основа на тој систем, исклучиво ќе произведеме етнички хомогенизации во Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Се извинувам, да се договориме, секој има право на реплика, но за оној дел во кој тој е спомнат. Инаку, ако секој користи реплика па да дава осврт на цела дискусија на претходни дискутанти и на другите.

VII/1.-М/ЉР

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

По повод експозето на г-ѓата министерка и по повод некои политички квалификации за последниот претседател на ЦК,за последното комунистичко Собрание, последната комунистичка влада итн. Точно е дека последната комунистичка Влада го донела тој Закон и последното комунистичко Собрание го донел тој Закон и последниот Социјалистички сојуз го подготвувал тој Закон. Тоа е сето точно, можеби претпоследното го подготвувал тој закон, не сум баш сигурен, меѓутоа точно е и тоа дека последниот претседател на ЦКСКМ беше тој кој. што се залагаше за прекинување на комунистичките собранија, за прекинуваше на комунистичките закони итн. и за тоа напиша се разбира платформа што некои ја читаа и ја одобруваа. Но, точно е и следното, дека последниот Социјалистички Сојуз каде што се подготвуваа тие собранија е во директна коалиција со партијата на г-ѓата минситерка сега. Точно е и тоа дека г-ѓата министерка е член на Влада чиј што е претседател на Владата е член на последниот ЦК од половината мандат натаму. Точно е и тоа дека г-ѓата министерка е член на партијата чиј што претседател Либералната партија е 40-годишен функционер со свој придонес во сето тоа. И сега, дали оваа лутина на г-ѓата министерка произлегува од тоа што демократската партија покрена некои прашања во врска со становите и во врска со фришоповите во кои што се најде сакајќи, или не сакајќи таа лично, името на нејзи ното семејство, па сега со лутина одговара, тоа јас не знам. Но, да се реагира на овој начин и да се делат квалификации за луѓе кои што се залагале навистина за напуштање на тие комунистички закони пред лицето на целата македонска и бившо југословенска јавност, бидејќи од 1986 година мај месец Петар Гошев е член на ЦК, пред тоа никогаш, ниту на една, ниту на општинска, ниту на било која друга функција, а работата беше тогаш

совршено јавна. Јас не знам со какво право министерката ги меша и им дава незаслужена улога на луѓето во тој период без да прави диференцијација за вистинското учество на луѓето во правењето на она што денеска со многу напори тешко го отстапуваме. Ако мотивите произлегуваат од она навистина должно забележување дека ниту фришопови, ниту станови смеат така да се делат, тогаш нека се подзамисли и г-ѓата. министерка. Но, подобро е за сопствената одговорност да се мисли отколку за тоа да се искривува улогата на некои луѓе што пред лицето на јавноста работел, пред лицето на јавноста ништо скришно. И за оној период кога сум работел како член на ЦК и претседател ниту се кајам, ниту се срамам. Го сработив тоа со должното внимание, со сета моја чесност и пред лицето на јавноста. И како член на ЦК и како претседател на ЦК ниту една така наречена корисна малверзација во мојот живот нема, а тогаш така се нарекуваа тие нешта во врска со станови и сл. А сега во псот комунистичкиот период чудо корисни малверзации, непримена на законите, а етикети за времето и за луѓето кои што се бореле против тоа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе Ве молам, малку коинцидира бидејќи беше Социјалистичкиот сојуз спомнат, а јас сега претседавам со Собранието. Само сакам да исправам една неточност искажана од говорницата што е моја обврска. Како претседавач коригирам неточна информација изнесена на говорницата. Откога постои ова Собрание, ова Собра- ние ги носело сите закони. Според тоа Социјалистичкиот сојуз ниту можел таков закон да донесе, ниту да подготвува, а од кога било ова Собрание сите комунисти биле во Собранието, мислам  членовите. Според тоа, не знам зошто која

алузија се направи за Социјалистичкиот сојуз кој што во тие услови создаваше еден плуралистички амбиент, а и повторно сега се направи обид да се излезе од рамките на репликата за прашања кои што може само да се реплицира, се прошири, повторно една промоција и еден директен атак и на личниот кое што мислам дека е неприфатливо и не пример за парламентарна демократија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (прилог)

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство,

Моја констатација е, па можеби и Ваша дека сите се залагаме за демократски избори. Воедно, сите настојуваме да донесеме совршен кој закон нашата цел ќе ја обезбеди. Искуството досега потврдило дека изборите не биле демократски и сите изборни закони кои ги имавме до сега па и овој што ни на дневен ред не б совршен.

Тука не е кривицата само до законот туку таа е меѓу нас само поради тоа што немаме исти аршини, односно ист пристап кон законот и како таков сакаме да го толкуваме секој по свое.

Законот што ние на дневен ред се темели на истите принципи каков што беше донесен и стариот закон, па поради тоа и го менуваме. Законот треба да се изменува и дополнува за да имаме бар прилично правични и демократски избори.

Многу дискусии слушнавме меѓутоа, конкретно за законот да се дополни не се убедив, можеби тоа ќе се случи кога ќе се расправа за амандманите. Уверен дека во таа расправа ќе имаме конкретни сугестии за законот. Конструктивните новини ќе бидат прифатени бидејќи мнозинството во парламентот за такви појдовни принципи се залагаат.

Уставот на Република Македонија дозволува бројот на пратениците кој бил 120 да се зголеми за уште 20 и тоа уставно право изготвувачите на законот го користеле. Тука всушност имаме комбиниран изборен модел кој како таков сметам дела за нас албанците не обезбедува демократски избори.

По мнозинскиот изборен принцип овој изборен модел обезбедува 120 пратеници и 20 пратеници врз основа на пропорционалниот изборен принцип.

VII/5.-

Секоја држава во светот, зависно од политичката проценка и целта што сака да ја постигне со тој закон ги менува тие изборни модели рачунајќи ги тука импликациите што можат да ги предизвикаат едниот или другиот изборен модел. И нема држава во светот што тоа не го предвидува. Но наше е право за оние прашања, за кои што овде се говореше за изборниот закон,да ги обезбедиме. Ова го потенцирам заради тоа што Македонија како држава, Парламентот и Владата; да се идентификува на внатрешен план со демократски кредибилитет во која треба да се цени дека има демократска свест и може да ги уредува односите самостојно.

Ние треба овде сами да даваме позитивни оценки за демократските процеси во државата во колку ги има исто така треба сами да сугерираме за сите евентуални негативни импликации што би настанале.

За ова последното,негативните импликации за кои што овде и најмногу се говореше, треба да ги отстраниме и сите стремежи на изборниот закон за избор на пратеници да ги обезбедиме.

Според тоа, главната работа наша е да инсистираме со овој изборен закон да се обезбедува артикулација на сите политички провиниенции, сите. политички погледи во Република. Македонија а таа можност по мое овој предложен закон тоа не го обезбедува. Па предлагам новиот изборен -закон да биде комбиниран и тоа 70 од пратеници да биде избрани по мнозинскиот принцип и 70 пратеници да бидат избрани на пропорционална основа. Со што се артикулираат сите социјални интереси во

Македонија. Со што националната определба не е доминантна а јас мислам дека таа треба да биде наш траен интерес за во иднина.

Па поради сето тоа што го реков погоре потребен е добар изборен закон, и многу други добро околности за спроведување легитимни и фер избори. Јас ќе споменувам само некои: поред добар закон треба да

имаме власт која тој закон ќе ја спроведе на дело, потоа средствата за јавно информирање поготово телевизијата.

Оваа дотолку повеќе што ова Собрание, во повеќе партиски состав го нема избрано сегашниот генерален директот на МРТ кој на оваа функција беше промовиран од претходниот собраниски состав на поранешната Социјалистичка Република Македонија.

Пред се, зошто сум за избор на непартиски, општопозната и прифатлива личност на чело на Радиото и телевизијата на Република Македонија? На Првите повеќепартиски избори таа се стави на служба на една партија на една нација тоа ни е познато на сите нас.

Потоа ќе следат избори: РТМ работи на плуралистички услови; затоа што во нејзината дејност^е вклучени и треба да бидат вклучени програми наменети за сите националности во оваа држава.

Мислам дека за фер и објективни избори можеме да очекуваме само со непартиска личност во РТМ, кој во таа смисла. и ќе го состави тимот на своите соработници, ќе бидат обезбедени претпоставките за Толку потребното непартиско и независно дејствување на таа информативна куќа. На тој начин ќе биде во функција на интересите на мулти културата во државата; ќе може да ја остварува - преку своите програми не само партиските интереси туку и рамноправноста на сите граѓани во Република Македонија ќе биде стимулатор на еднакво третирање на проблемите на сите граѓани и националности во нашиата мултинационална и мултикултурна државна заедница. А со тоа ќе имаме и фер повеќе партиски избори.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Му се заблагодарувам на претседателот на Собранието. Меѓутоа, морам да кажам, се повикувам на член 105 од Деловникот за работа на ова Собрание: претседавач кој претседава со ова Собрание би требало пред сеѓ да го знае Деловникот и одредбите на тој Деловник и Инаку не може да биде претседавач. Во членот 105 во ставот 3 се вели: ако делегатот, односно пратеникот побара збор за да поправи навод кој е неточно изложен, или кој дал повод за недоразбирање, или предизвикал потреба од лично објаснение, претседателот ќе му даде збор штом својот говор ќе го заврши оној кој ја предизвикал потребата од поправка. Ние така- наречено популарно ја велиме реплика. Делегатот односно пратени- кот не мора да биде спомант по име, туку наводите кои ги дал. Јас бев спомант во однос на она што предложив вчера> единствено јас предложив во единиците на локалната самоуправа да се изби- раат .. .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само момент. Завршете ја деловничката интервенција, а за тоа што сте наведени ќе ви дадеме збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Се надевам дека не ни дадете збор, нема да ми го скратите тоа право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Толку бурни расправи има што може на некого кога претседава да му се случи нешто и да не забележи дека е точно тој наведен. Тоа не зависи дали некој го знае Деловникот, или не туку од обемните и противречни излагања многу е тешко некогаш тоа до крај да се забележи.

Г-динот Стоиле Стојков има збор во својство на појаснување на своето излагаше за кое мисли дека е погрешно наведен.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Му благодарам на претседателот што сите пратеници во ова Собрание не третира на ист начин. Вчера предложив во единците на локалната самоуправа да се бира градоначалник и тој градоначалник да има советници, односно на некој начин тие советници да му ги одобруваат решенијата што тој би ги потпишувал. Без нивно одобрение да не можат да се спроведат решенијата или одлуките што би ги носел тој градоначалник и споманв таму некои гради. Да бидам прецизен. Ова го темелам врз основа на член 115 од Уставот каде што се вели дека во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашањата од локално значење,а особено и таму ги реди урбанизмот, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната заштита и детската заштита, предучилишното воспитание основно итн. Во ставот 2 од овој член се вели дека Републиката врши надзор над законитоста над работата на општината како единица на локална самоуправа. Што значи? Да дообјаснам. Ако граѓаните непосредно изберат даречеме градоначалник и негов заменик, тогаш министерствата кои ќе бидат пресликани, односно подрачните единици на министерствата кои ќе бидат, тоа е пресликување, власта ја имаат во ова Собрание на ниво на државата една влада ја има власта, односно го има тоа парламентарно мнозинство, тие подрачни единици ќе и бидат советници. Јас така би го дообразложил тој свој предлог, би биле советници на градоначалникот. Тогаш, меѓутоа без нивна согласност, или без мнозинство од согласноста на тие советници градоначалникот не би можел да ги спроведува одлуките.

Што ќе се случи? Во Тетово да речеме ќе имаме избран градоначалник, еве ќе кажеме и национално сигурно ќе биде алба- нец, меѓутоа претставниците на подрачните единици без разлика не навлегуваме сега во националноста каквоќе биде мнозинството во ова Собрание исто така таа Влада ќе наименува кој ќе го поддржува тоа мнозинство таа Влада ќе си наименува свои претставници во подрачните единици. Тие се тие што ќе му бидат советници. Тоа исто така на некој начин може да се реши. Тоа важи и за членот 117 каде што се однесува на градот Скопје. Без разлика дали некаде во некоја држава има такво решение, јас ќе ви кажам дека решение околу национално спомнување нема во ниеден Устав, ниту не знам дали е наведено во некој Устав малцинство, меѓутоа секаде се употребува зборот малцинство. Ние употребивме еден преседан, наведовме во нашиот Устав националности и тоа го почитуваме. Тоа е само едно размислување. Инаку да ви кажам искрено г-ѓата Силјановска се знае јас барем така ја ценам како еден од најдобрите стручњаци во областа на локалната самоуправа што ја има оваа македонска држава.

Второ прашање, за изборите. Точно е тоа, сите партии можат да предлагаат од сите националности. Тоа го имавме во првите повеќеоартиски избори. СКМ, ПДП предложи албанци, реформистите предложија албанци, Социјалистичката партија предложи албанци, меѓутоа што се случи? Во Гостивар одборникот кој беше избран албанец од Социјалистичката партија кој беше избран во првиот круг, пред вториот круг го отепаа и тие после што беа и сами кандидирани не смееа да гласаат сами лично за себе, туку сите мораа да гласаат за ПДП. Тоа е состојбата, тоа е вистината.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОСКА:**

Јас искрено сакам да им се извинам на пратениците доколку како што ме предупреди г-динот Поповски некого сум навредила. Воопшто немав намера, тоа беше едноставно во дискусијата.

Што се однесува до г-динот Стоиле Стојков, јас воопшто исто така немав намера да кажам, веројатно во дискусијата за Законот за локална самоуправа би говореле околу ова. Ја само сакав да кажам дека нема локална самоуправа без избор, дека нас во моментов ни требаше избор.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:** (продолжение)

Што се однесува до самиот господин Тимоти се што реков е дека и во прегледот на пратениците ми се чини дека пак е тука господинот Стоиле Стојков и господинот Стоајновски, постои член вграден ист или сличен од онаа препорака на господинот Хекстон дека ние немаме време за 6 месеци, дека три месеци пред изборите ќе бидат истакнати на улиците списоците и дека секој ќе може да си се види, да интервенира внатре, да каже дека некој е починат. Тоа го содржи предлогот на Владата, па дури предлогот кој со измена на законот на господинот Ковачевски. Не е значи тоа предлог на демократската партија. (реакција на некои пратеници во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само продолжете вие, не се однесува тоа на поединци, тоа зборува за нив, не за вас. Само вие продолжете. (реакција на пратениците во салата). Тишина. Седете вие на место таму. Тишина. Има некој што ја згрешиле салата. Ве молам продолжете вие само. Тишина, ве молам, ве молам, немојте, обичаите од кафеана улица да ги пренесувате овде. Сепак е Парламент.

Ве молам, тишина. (реакција на некои од пратениците)

Ве молам, тишина, да продолжиме со работа.

Видете јас сакам само нешто да ви напоменам. Во интерес на целата држава, во интерес на овој Парламент се изборивме во два наврата да спречиме блокада на Парламентот. Точно по овие закони кои се исклучително важни беа направени обиди на узурпација на говорница. Немојте сега од местото истото да го правите. Ве молам, дозволете да продолжи работата. Тишина ве молам. Продолжете.

VIII/2.-

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Морам да кажам дека премногу го почитувам ова тело за да не му одговорам на господинот. Апсолутно нема ниедна причина за нервоза кај мене. Предмет е законот денеска, а господинот ми личи на оној човекот со вицот за слонот. Врти, врти,врти па се околу приказната. И нему му е јасно дека нема причини за лутина кај мене инаку би одел на суд а не овде. Нему му требаат гласови господа и досега уште никој не докажал дека комунизмот падна затоа што неговите водачи сакале така. Затоа што морал и можеби нема да го добие мојот коментар, тоа не ми прили^и, меѓутоа морав да кажам предизвикана од она што овде два дена го слушам. Упорно некој докажува дека неговите довчерашни сопартијци се виновни, господинот секретар е виновен, а тој не е. Извинете, меѓутоа, веројатно промената на името, со која бесконечност оди нема да значи промена на личноста.

Многу чесно е сите луѓе грешеле и правеле добрини и оваа соговорничка овде исто така ќе прифатеше да седи и во Владата на господинот како потпретседател, бидејќи тоа беше неговиот предлог. Јас не седам во Владата заради личностите, заради идејата. Јас во една прилика реков и ВМРО да формираше Влада и да беше потребен министер од определена област јас ќе помогнев. И натаму сум спремна за помош. Инаку, многу чудно звучи она што господинот го тврди овде. Не бара во претходното време бил дух, фантомот, претседател на ЦК го немало, одеднаш добил желба да го растури комунизмот и еве сега конечно по кој знае кој пат ја нашол вистинската партија, заборавајќи дека и овие луѓе овде и човекот зад мене седеле со него. Извинете, ама треба респект кон сите со кои што сте другарувале.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Пановски, седете си вие таму, само си седете.

Има збор господин Абдурахман Халити.

VIII/3.-

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, јас од никого не бев спомнат затоа и ќе дискутирам за Законот а не за други работи.

Мојата дискусија се доведува во прашаше посел првиот настап на министерот Силјановска, па сега и не знам точно дали Владата сака да го донесе законот или не сака да го донесе, затоа што иста жестокост според мое мислење се удираше и по позицијата дел барем, и по опозицијата. Меѓутоа, тоа е друго прашање и веројатно сака да се донесе овој закон. За мене се битни неколку прашања и одговорот на тие прашања ми дава за право да гласаме или да не гласаме за законот.

Прво, дали со законот се обезбедува слобода на изборите. Ако позитивно одговориме на прашањето дали законот обезбедува слободна изборите нема никаква причина да не гласаме за него. Јас во досегашните дискусии не чув дека некој оспорува дека овој закон ја ограничува слободата на изборите.

Второ прашање на кое треба да се одговори е, дали надлежните органи за спроведување на изборите се формираат во демократска постапка, дали во овие органи имаат право свои претставници да имаат и предлагачите на кандидати, дали се обезбедува надгледување на нивната работа во поглед на нивната непристрасност, дали се обезбедува надгледување од невладини и други организации на постапката за избори итн. Мислам дека законот содржи вакви одредби.

Трето прашање е како е уредена постапката за кандидирање и утврдување на кандидати, како тие кандидати се претставуваат пред јавноста како политичките субјекти ги претставуваат своите политички програми и дали е тоа на соодветен начин и добро уредено со законот. Мислам дека е добро уредено.

Четврто прашање е како се гласа, самата техника на гласање. Дали во гласањето се обезбедува непристрасност при утврдувањето на резултатите од гласањето, дали претставниците на политичките субјекти учествуваат во тоа итн. итн.

И, конечно, петтото прашање според мое мислење е дали изборното право, избирачкото право е заштитено со закон. Мислам дека е заштитено. И, место Собранието на РМ да расправа за овие и слични прашања ние тука расправаме дали треба да се забрани некоја политичка партија, кој кога, од каде дошол да живее во РМ и кога дошол. И ред други прашања кои ниту посредно ниту непосредно се поврзани со законот чие донесување е предложено од страна на Вла- дата. Тука луѓето од различни позиции оправдуваат различни свои убедувања.

Често беше спомнато кој изборен модел и е потребен на РМ. Одговорот на ова прашање зависи секако од позицијата од тој што го бара овој одговор. Ако ме прашате мене јас би се заложил чисто за пропорционален систем затоа што имам свој аргумент, за таа работа. Меѓутоа, не е добро да се тврди дека 20% од пратениците или 20 пратеници што се избираат по пропорционален систем е коректив кој обезбедува присуство на разни малцинства во Парламентот затоа што тоа едноставно не е точно. Едноставно не е точно. Со 20 пратеници ако изборниот количник по своја претпоставка биде околу 50 илјади јас се прашувам која интересна група или национална група ќе се избори да има толку илјади гласови на својата листа за да добие еден пратеник. Меѓутоа, тоа е друго прашање.

Прашањето е тука да се утврди предлог закон, да се донеси закон кој ќе ги исполнува овие претходните барања што ги прочитав, што се обидов да ги дефинирам иако барем 70% с5д одговорите на тие прашања е позитивен да се определиме за гласање на законот.

Идеален, чист сосема без забелешки закон не е донесен ниту во догледно време ќе се донесе.

Благодарам.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Од вчерашната расправа, како и од денешната расправа во врска со овој закон во општиот претрес се доби впечаток дека голем број од пратениците од позицијата па и од опозицијата сметаат дека наместо овој закон што е понуден т.е. измена и дополна на законот треба да се понуди еден нов закон.

Со настапон на госпоѓа Силјановска се покажа истото, дека Владата не е сигурно дали требала да иде на нов закон или требало да иде на измена и дополна на овој закон. Министерката покажа дека и таа смета дека треба да иде на нов закон. По сите дискусии што беа овде кажани,еве јас самата ќе дозволам овде да кажам еден заклучок дека нов закон е потребен, а не измена и ДОПОЛЈ на овој закон.

Јас би се осврнала на трите точки што ги потенцираше госпоѓата министерка, отфрлаќи го 90% од останатото нејзино излагање што беше 30% демагогија, а 70% партиска трибина за либералната партија.

Првото што го кажа госпоѓата министерка е тоа што призна дека Владата ќе побара помош на крајот на донесувањето на овој закон од Законодавно правната комисија законот од овде да излезе како нов чист текст, а не како измени и дополна на овој закон. Јас ќе ја замолам госпоѓата министерка знаејќи ги нејзините познавања во оваа проблематика и нејзините залагања кои што беа сосема други од ова што се зборуваше денес, а имајќи во предвид дека таа истата се залагала пред еминентните на последната комунистичка партија и Влада кој што го донесоа законот по кој што се гласаше претходниот

пат да се избори да ги победи еминентните на таа иста партија, на комунистичката партија во сегашната Влада и да се донесе нов закон господа. Закон кој ќе ги содржи сите оние елементи што господинот Алити сега ги кажа.

Исто така би сакала да кажам дека госпоѓата министерка заборави дека Законот за локална самоуправа Владата сама си го повлече, а недостатоците и грешките на Владата ги префрла на ова Собрание. Не е точно дека Владата го понуди на Собрание, а Собранието не го донесе. Не дојде на дневен ред затоа што Владата го повлече, не можеше позицијата да се погоди околу некои точки на тој закон.

Значи, јас би сакала да предложам да овој закон со измена и дополни и со предлози кои што беа овде кажани да оди во една нова постапка и многу лесно може процедурата да се скрати, демагошко беше тврдењето на госпоѓата министерка дека тоа се три фази кои ќе бидат многу долги. Со едно обично образложение на итноста на законот и секој овде знае дека донесувањето на нов закон ќе биде скратено во две па дури и во една фаза кога би се донел навистина солиден закон.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Пановски сака да направи деловничка интервенција. Сега ми е јасно.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господо, најжестоко протестирам против узурпацијата на парламентарната говорница од страна на претседателот. Веќе десетина минути барам збор, а во врска со повреди на деловникот за работа за што претседателот беше должен да ми даде веднаш збор. Согласно член 105 од Деловникот за работа став 2 кој што сега ќе ви го прочитам. "на делегатот кој сака да говори за повреда на

Деловникот или за повреда на утврдениот дневен ред претседателот ќе му даде збор штом тој ќе побара. Говорот на овој делегат не може да трае подолго од 5 минути. Од тој говор претседателот е должен да даде објаснение во поглед на повредата на Деловникот односно утврдениот дневен ред. Ако делегатот не биде задоволен од даденото објаснение за прашањето се решава на седницата без претрес." Јас го молам претседателот бидејќи јас пет минути имам да зборувам за повредата на Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве веќе поминаа 2 минути.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Да не ми влегувате во збор. Ќе ве молам тоа е мој апел до вас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате уште 3 минути.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Бидете барем еднаш овде за овие четири години парламентарен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате само уште 2 минути.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Најпрвин протестирам што членот на Владата од Либералната партија, министерот без портфељ Гордана Силјановска, која што не е тука, излезе на говорницава, два пати, ја узурпира парламентарната говорница иако не е овластен предлагач на законот. Овластени предлагачи овде како што ни пишува се Туше Гошев, Бардул Кука, Драган Томановски, Бранко Меловски и Горѓи Проја. Само овие пет господо можат да говорат за законот како предлагачи официјални.

VIII/8

И, второ, мене ми е многу жал што госпоѓата си ја узурпирала својата функција како министер во Владата и си доделила на својот сопруг фришоп и за два месеци се збогатила до невидени размери и сега со таков гнев зборува за демократската партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е, да ви појаснам сега. Господинот Пановски го оспорава правото на министерот Гордана Силјановска да добие овде збор и да објаснува за текот на расправата на општиот претрес по законот кој сега е на дневен ред. Очигледно господинот Пановски има грешка. Имате вие овде нов пречистен текст на законот и писмо на Владата во кое стои дека претставници се Туше Гошев, министер за правосудство и управа, и мгр Гордана Силјановска, министер без портфељ и Бардуљ Ќука заменик на министерот за правосудство и управа. Ако се држиме до Деловникот, до коректните односи меѓу себе ред е господинот Пановски да се извини сега на министерката. Еве ќе му ја дадеме таа можност. (реакција на пратениците во салата). Ве молам тишина.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Овај материјал што јас го имам добиено. Друг материјал освен овој немам добиено. А, на него, повелете можете да прочитате што пишува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да си ги читате сите материјали што ви се даваат. Не, не, јас ве молам, сите пратеници да ги отварате сите коверти, материјали редовно на сите ви се испраќаат и читајте ги, немојте да ги читате само тие што ве интересираат и што ви одат во интерес, што мислите дека можете шпекулативно да ги искористите овде во напади на јавни личности без било каков аргумент оти тоа вас ве сведува на многу пониско отколку претставник на народот избран со закон. Вие сте по закон избран , по закон е писмото напишано и ве молам почитувајте го

тоа. Таква небудност да еден пратеник не прочита Владата што му испратила, нека му судат тие што го бирале. Но, овој момент немаше сила да се извини господинот. Тоа е прво. Тоа е моето објаснуваше.

Според тоа, дали треба да го дадам на изјаснување приговорот на Пановски.

Кој е за дека Гордана Силјановска и покрај писмото од Владата каде е означена за претставник нема право да земе збор како претставник, нека крене рака. (реакција на некој од пратениците) Тоа стои во Деловникот оти се изјаснува. Тој бара да го ставам на изјаснување.

Кој е за? (реакција на некој од пратениците). После, прво да се изјасниме за ова, да ги завршиме прво работите. Не може тоа, прво да го завршиме ова, после вие ќе добиете.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Благодарам.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Една процедурална забелешка заради тоа што точно е дека госпоѓа Силјановска стои на последниот материја што е дојден, но госпоѓата Гордана Силјановска нема право да дели лекции за однесување на пратениците туку има право да го образложи законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде ве молам, тоа не е процедурално, тоа не е процедурално тоа е содржината на говорот на Гордана. Земајте збор само за процедурална интервенција. Ако имате нешто да кажете во содржината ако сте се нашле, ќе барате реплика. Ако сакате да учествувате во расправата во склад со одлуката која што е имаме овде донесено ќе земете збор.

Ве молам, Парламентот мора да работи во склад со одредбите со кои е уредена неговата работа. Одиме понатаму.

Дали некој друг бара збор по општиот претрес. Господин Стефковски бара збор, меѓутоа тој зборувал еднаш, деловнички бара интервенција. Само деловничка интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Реков реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На кого реплика?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

На министерката Гордана Силјановска. Бев спомнат во контекст на моето излагање дека не се носи нов закон туку измени и дополнување бидејќи тоа е најцелисходно и во смисла ако се донесе нов закон ќе не може да се интервенира во изборот на одборници во случај на престанок на нивниот мандат во периодот до донесувањето на законот за локална самоуправа.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**:(продолжение)

Дури беше укажано и на тоа дека Парламентот е виновен што не е донесен закон за локална самоуправа итн. Сакам да укажам на едно, ако се донесе нов закон за избор на пратеници постојниот Закон се уредува и судбината на постојниот закон со кој што се избираат одборници. Од тука , треба кога се излегува на оваа говорница, нека биде тоа и министер дека судбината на тој закон останува да функционира едноставно само од посебниот закон за избор на одборници и пратеници, отпаѓа дел за пратеници и ние имаме закон за избор на одборници, кој ќе функционира се до оној момент се додека не се донесе законот за локална самоуправа. Јас мислам дека министер треба така да настапува како што јас си дозволив како обичен правник.

Од излагањето на министерката ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, што е нејасно и погрешно интерпретирано од вашето излагање кај неа. Само тоа.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Па, излагањето толку јасно го уочив и направив разлика што сите разбраа во салата.

Понатаму сакам да укажам ...

**СТОЈАН АНДЌО:**

Не, не, видете, немате вие збор да полемизирате со неа, туку дали погрешно ве наведе. Дали погрешно ве наведе и каде. Тоа првото го објаснивме, ајде сега да видиме сега другото.

IX/2.-

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Министерката Сиљановска точно погрешно ја оценила мојата дискусија, таа треба да се сфати онака како што јас ја реков , а не во нејзина интерпретација.

Сакам да укажам една работа, го користам сега правото деловничко....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не за тоа Вие ќе си побарате збор.

Што е г-дине Арсов, Вие зборевте. Видете сите што не се согласуваат со излагашето на министерката, на претставникот на Владата, ќе се искажат со гласање.

Дали него го наведувала погрешно. Ајде да видиме нека објасни.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господине претседателе јас морам да се јавам, затоа што во мојата дискусија реков дека владиниот предлог нема уставен основ Меѓутоа, г-ѓата Сиљановска, во своето тврдење, во своето излагање тврди дека владиниот предлог има уставен основ, што се спротивно на мојата дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ви кажам, овде сме затоа Парламент некогаш да имате исто мислење, некогаш слично, а некогаш спротивно. Не треба еден друг до крај да го убедува. Госпоѓата министерка има право да си има друго мислење од вашето. Вас ве ислушавме и неа ја ислушавме.

Ако таа речеше дека вие не рековте така, туку инаку, тогаш дојдете да го објасните, а не оти не се слагаме со неа.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Па, токму тоа го кажувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема да се слагате со неа, тоа е нормално.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Токму тоа го кажав дека тоа тврдење јас што го изнесов овде наводно не е во склад со Предлогот на законот. Јас и натаму тврдам дека не е во согласност со Законот на Владата , затоа што поранешниот закон , за кој Владата зборува и ни понуди овде, има уставна основа во Уставот од 1974 година во амандманот 68, точка 1 од амандманот 74 на Уставот на СРМ.

Јас и натаму тврдам дека токму владиниот закон што се повикува на овој уставен основ не може да се примени и не е во согласност со членот 1 од Уставниот закон каде стои дека "Уставот на Република Македонија се применува од денот на неговото прогласување',' иако за примената на одделни одредби од Уставот со овој закон поинаку не е определено. Ако го почитуваме членот 1 од Уставниот закон, тогаш ваквиот предлог на Владата е неуставен. Затоа што токму во уставниот закон стои дека Законот за избор на пратеници се донесува односно се предлага во вид на закон за пратеници. Ова е во согласност и со уставниот член 62 став 5 каде со Уставот се одредува дека со закон се врши избор на пратеници. А владиниот предлог овде и госпоѓата Сиљановска и натаму инсистира' дека со измените и дополнувањата треба да се донесе закон за избор на пратеници и одборници, што е спротивно и со уставниот член 62 став 5 и со уставниот закон, член 10.

Според тоа, и натаму за нас е неприфатливо тврдењето на г-ѓата Сиљановска, а исто така и предлогот на Владата и не би сакал понатаму и ова Собрание и јавноста да се доведува во заблуда, тврдејќи дека за владиниот предлог постои уставен основ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега да се разбереме, ниту е некој пратеник должен друг да го убеди и да тој мора да прифати што тој мисли, ниту пак Владата е должна да ги убеди сите пратеници исто да мислат. Тоа немојте. Различни се мислењата и тоа е готово. Тоа не е причина за реплика.

Дали некој бара збор?

За збор се јави Ристо Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Не сакав да се јавувам за збор, но излагањето на г-ѓата министерка ме натера. Според тоа, еве повторувам. Немаше да се јавам за збор да не беше лекцијата на пречесната и многу културна министерка, која во стилот на "Мајка Тереза"

**СТОЈАН АНДОВ:**

Внимавајте , Ве молам. Мораме нужно почитување на личноста секогаш да имаме.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Ама вие господине претседателе кога имаше свое излагање неа не ја прекинавте. Јас тоа пак ќе го повторам. Немаше да се јавам за збор да не беше лекцијата на пречесната и многу културна министерка, која во стилот на "Мајка Тереза" мисли дека се знае.

IX/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам внимавајте на изразите и немојте така.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Како треба да се разговара во овој Парламент, нас што не избрал народот не ни е дадена можност онака , ни е дадена можност како што знаеме и умееме да се искажеме. А нејзе тогаш кога ќе ја изабере народот после добивањето на фри-шопот за кој што на радио рече дека не знаела дека мажот и и конкурирал. Машала! Не знаела
и сега

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Јованов, дали имате нешто да кажете за законот? Ако имате за законот, тогаш кажете.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Дека секој месец добива профит од 120 до 150 илјади марки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Јованов, Ве молам, тогаш напуштете ја говорницата Ќе Ви објаснам зошто. Ве молам напуштете ја говорницата.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Пак ќе се вратам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека крајно некоректно се однесувате. Баш мафијашки, господине Пановски се однесувате. Еве ќе Ви кажам зошто. Имаме на дневен ред Информација по тоа прашање. Навистина, отстапувате од сите рамки на пристојноста кога сега немате сили , значи тогаш да го изнесете, кога ќе биде тоа на дневен ред, немате аргументи, туку сега

кога знаете дека таа не може да се одвои од законската материја, па да ви одговори, туку мора за закон да зборува, вие ја вреѓате личност, ширејќи лаги и невистини и ваши инсинуации кои веројатно да сте министри да не даде господ, кој знае какви чуда ќе правите. Сега префрлате на другите. Немојте ве молам, престанете.

За збор се јави господин Јордан Бошков. Тој зборува, а сега има само деловничка интервенција.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Сосема кратко, сакам само да повторам еден став што го изнесе координаторот на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство дека оваа говорница треба секогаш да биде во функција на заштита на македонските државни интереси и ова важи за секој пратеник. На овој начин да се квалифицираат присутни лица во Парламентот е невкусно и контрапродуктивно. Но, исто така, да се инволвираат и лица кои на меѓународна сцена претставуваат институции со својата личност и можеби повеќе. Ние можеме без основ за секого тука , макар да е некорисно, да изнесеме секакви неиздржани релации. Но, би сакал македонските државни интереси да бидат, сепак, штитени од секој пратеник. И по малку да се води и за тоа сметка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас во името на сите вас се извинувам за несмасно изречените зборови околу името на "Мајка Тереза", мислам дека со тој хуманист и неговото име не може никој да се поигрува и тоа нека се прифати.

Дали некој друг бара збор за законот?

Господин Ефтим Манев.

IX/7.-

**ЕФТИМ МАКЕВ:**

Почитувани пратеници, ќе бидам сосема краток, би сакал да кажам дека , сепак, како и дискусијата што ја имав пред 6 месеци по овој закон, да не ја повторувам, мислам дека овој закон не треба да биде прифатен, затоа што , сепак не е во склад со Уставот и предлагачот после 6 дена дискусија , пред 6 месеци, и тоа исклучиво по овој закон не навлеговме воопшто во останатите два закони, бидејќи тие закони два можеби и немаа пречки и тогаш да се донесуваат, бидејќи беа предложени како нови закони. Неспорен факт е дека како од позицијата така и од опозицијата се повторија дискусиите на некои работи. Дека требаше да се предложи нов закон. Не го спори тоа и предлагачот денес дека ваквите измени, кои што се некаде над 65% даваат можност дека овој закон е нов закон. Сепак , за мене тој закон не е нов закон, бидејќи тој закон стои дека се врши измени и дополнувања на тој закон. И пратениците можат да вршат интервенции со амандмани само на дел кој што се менува, останатиот дел не може да се менува.

Исто така, би сакал да укажам дека кој како сака нека размислува, сепак овој закон за сите нас пратеници, кои што итекако не боли да биде донесен што поскоро, бидејќи во медиумите уште тогаш се пишуваше дека Парламентот , дека пратениците не сакаат да го донесат законот, бидејќи не сакаа да има избори. Од тие причини овој закон не одговара на суштината. Најнапред ниту еден од нас пратениците не би имал толку време да ја согледа целата суштина на законот, кој што се врши огромна измена во него. И да ја поврзеш дали тој закон е стегнат закон. Дали може да одговара во таа форма.

Предлагачот укажува дека тоа ЗПК ќе направи прочистен текст, јас сум длабоко убеден откога овој закон ќе биде донесен, веројатно ќе има интервенции многу после него дека се направиле пропусти, дека треба да се вршат исправки во законот, бидејќи така се мислело од ^ Владата, таков амандман имало поднесен, не бил добро разбран, сето тоа дава овој закон да биде конфузен закон. Тогашните укажувања на пратениците од двете страни и од опозицијата и од позицијата, сепак беа дека Владата треба да предложи нов закон. И ништо не и сметаше на Владата да ги прифатеше таквите сугестии и во оваа фаза немаше никаква законска пречка, ни деловничка пречка да го предложеа во една фаза, Предлог за донесување закон со Предлог на закон. Бидејќи во таа фаза ние тргнавме и ги усвоивме законите како закони за во итна постапка , ова Собрание ја скина итноста. Дали во Деловникот такво нешто не постои, по тој што работиме, ако се скине итноста дека може да помине законот во редовна процедура. Ние донесовме таков заклучок да се смета дека овие закони оделе во прва фаза, но во тој заклучок имаше и други искажувања каде што стојат во записниците, а тоа го потенцираше и претседателот на ова Собрание дека треба да се прифатат и другите укажувања, па дури и да се- предложи нов закон. Ако тоа го направила Владата, мислам дека немаше да ги имаме истите маки тоа што го правевме и пред 6 месеци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

(Пауза до 16,00 часот).